# САМОЕВАЛУАЦИЈА

# НА

# ООУ„СТРАШО ПИНЏУР“

# МАЛО КОЊАРИ

**Август 2021**



## МИСИЈА

НАШАТА **МИСИЈА** Е РАЗВИВАЊЕ НА СОЦИЈАЛЕН, ИНТЕЛЕКТУАЛЕН И АКАДЕМСКИ НАПРЕДОК НА НАШИТЕ УЧЕНИЦИ. ЗАТОА ОБЕЗБЕДУВАМЕ ПОДЕДНАКОВ НАПРЕДОК НА УЧЕНИЦИТЕ ПРЕКУ РАЗВИВАЊЕ НА НИВНИТЕ ВЕШТИНИ, СПОСОБНОСТИ И ПОТРЕБИ.

СВЕТОТ ГО ГЛЕДАМЕ КАКО ГЛОБАЛНО И ОТВОРЕНО МЕСТО-ИСПОЛНЕТО СО ПОЧИТ, РАЗБИРАЊЕ И ПРИФАЌАЊЕ НА РАЗЛИЧНОСТИТЕ.

## ВИЗИЈА

**ВИЗИЈАТА НА НАШЕТО УЧИЛИШТЕ** Е ДА ГИ ПОТТИКНЕ УЧЕНИЦИТЕ ДА ГО ДОСТИГНАТ СВОЈОТ МАКСИМАЛЕН ПОТЕНЦИЈАЛ И ДА ГИ МОТИВИРА НА ОДГОВОРНО ОДНЕСУВАЊЕ И РАБОТЕЊЕ. ВЕРУВАЊЕТО ВО ОВИЕ АТРИБУТИ Е СО ЦЕЛ ДА СЕ ПОСТИГНЕ ЕДИНСТВЕН ПРОФИЛ НА УЧЕНИК, КОЈ СЛУЖИ ЗА ПРИМЕР ВО СВОЈАТА ЗАЕДНИЦА.

**НАШЕТО МОТО Е : Доживотно образование за секого !**

## Лична карта на училиштето

Нашето училиште претставува деветгодишно основно образование кое работи според плановите и програмите за основно образование предвидени и одобрени од МОН. Воспитно - образовната дејност се состои од настава со задолжителни предмети, изборна, додатна и дополнителна настава, вонпаставни активности слободни ученички активности, ученички натпревари, заедница на учениците, производствена и општествено - корисна работа и ученички екскурзии, грижа за здравјето на учениците; соработка со локална средина; следење, вреднување и унапредување на воспитно-образовната дејност и стручно и педагошко усовршување на наставниците и другите стручни соработници. Наставата во училиштето се изведува на македонски јазик.

Во состав на нашето училиште имаме две подрачни училишта во селата Големо Коњари и Кадино Село од прво до петто одделение, оддалечени од централното по 3 километри. Централното училиште се наоѓа во село Мало Коњари. Во нашето училиште од шесто до деветто одделение учат и ученици од село Славеј кое припаѓа на друга општина.

Наставата од прво до петто одделение е комбинирана во сите училишта - по една во селата Мало и Големо Коњари и две во Кадино Село, во Мало Коњари. Останатите паралелки во одделенска во како и сите паралелки во предметна настава од VI-IX одделение се работи во чисти паралелки. Во 2019/20 година се запишаа 148 ученици, сите Македонци. Во ЦОУ учеа 112 ученици во одделенска и предметна настава, во Големо Коњари 29, а само 8 во Кадино Село. Во 2020/21 година беа запишани 144 ученици, сите Македонци од кои: 111 во село Мало Коњари, 26 во село Големо Коњари, 6 во Кадино Село. Очигледно е намалувањето на бројот на ученици, кое е одраз на намалениот наталитет на населението и преселувањето во градска средина.

Низ процесот на самоевалуација на училиштето, конкретно ги доловивме јаките и слабите страни и врз основа на нив ги извлековме идните активности кон кои ќе се стреми нашето училиште. Во изведувањето на самоевалуацијата беа вклучени сите наставници по одделните подрачја од рамката за самоевалуација, под непосредна координација и со постојана соработка со работната група. Податоците се прибираа врз основа на увид во педагошката евиденција и документација на училиштето како и врз основа на сите други пишувани документи и законски акти според кои работи училиштето.

За собирање на податоците беа користени и други методи како прашалници (анкети) - за наставници, родители и ученици, метод на набљудување, разговор, интервјуа, анкети.

# ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ ЗА УЧИЛИШТЕТО

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | **Страшо Пинџур** |
| **Адреса** | **с. Мало Коњари** |
| **Општина** | **Прилеп** |
| **Име и презиме на директор** | **Ирена Кироска** |
| **Контакт телефон** | **048 483 418** |
| **Е-маил адреса** | **pindzurstraso@yahoo.com** |
| **ВЕБ страна на училиштето** | www.oustrasopindzur.wordpress.com |
| **Број на ученици во училиштето во учебната 2020/21 година** | **144** |

# Вовед во самоевалуацијата на училиштето

**Самоевалуацијата** на училиштето е процес на систематско и континуирано следење, анализирање и вреднување на оствареното со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето. Во постапката на самоевалуацијата на училиштето се бара одговор на три клучни прашања :

- **Колку е добро нашето училиште?**
- **Како го знаеме тоа?**
- **Што може да направиме да бидеме подобри?**

Одговорите на овие прашања мора да се темелат на објективни и релевантни податоци како и на реални увиди во функционирањето на училиштето.

**1.1. Цели на самоевалуацијата:**

- Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата.
- Ефективно и ефикасно раководење на Директорот со училиштето.
- Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти : директор, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно-образовниот систем.
- Обезбедува поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето.
- Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати.
- Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување.
- Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа
- Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на образовно-воспитниот процес во училиштето.

**Процес на самоевалуацијата**



# КОМИСИЈА НА ИЗГОТВУВАЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ООУ „СТРАШО ПИНЏУР“ С.МАЛО КОЊАРИ

Зорка Сотироска – наставник по македонски јазик, **координатор**

Каролина Најдоска – наставник по математика

Маја Бунтеска–наставник во одделенска настава

Мартина Бонеска – родител, претставник од УО

Пеце Касниоски – претседател на Совет на родители

## Тимови кои се вклучени во изготвување на рамката за самоевалуација на училиштето

| **Наставни планови и програми** | **Училишна клима и односи во училиштето - етос** |
|---|---|
| - Ленче Петкоска – наставник во одделенска настава, координатор<br>- Зоран Петрески - наставник по техничко образование<br>- Мирјана Иваноска - наставник во одделенска настава | - Снежана Синадиноска - – наставник по француски јазик, координатор<br>- Лидија Н.Лажовска – психолог<br>- Виолета Крстеска – наставник во одделенска настава |
| **Постигнувања на учениците** | **Ресурси** |
| -Александра Маркоска – наставник по англиски јазик, координатор<br>- Маја Николоска – наставник по хемија<br>- Киро Павлоски - наставник во одделенска настава | - Марина Рунеска – наставник во одделенска настава, координатор<br>- Јасмина Иваноска - наставник во одделенска настава<br>- Марија Ристеска - наставник во одделенска настава |
| **Учење и настава** | **Управување, раководење и креирање политика** |
| -Христина Стојческа- наставник по англиски јазик, координатор<br>- Катерина Алваџиоска - наставник во одделенска настава<br>-Стефани Петреска - наставник по англиски јазик | -Веле Николоски- наставник по историја, координатор<br>- Иле Мишески – наставник по физичко и здравствено образование<br>- Маја Бунтеска - наставник во одделенска настава |
| **Поддршка на учениците** | **Координатори на самоевалуацијата** |
| -Катерина Тодоровска – наставник по македонски јазик, координатор<br>- Горица Богеска – наставник по биологија<br>- Валентина Јовческа – наставник по музичко образование | Зорка Сотироска – наставник по македонски јазик<br>- Каролина Најдоска – наставник по математика |

# Подрачја на вреднување, индикатори, техники и инструменти на самоевалуацијата

| Подрачја на вреднување | Индикатори за квалитет |
|---|---|
| 1. Наставни планови и програми | - Реализација на наставните планови и програми<br>- Квалитет на наставните планови и програми<br>- Вонnаставни активности |
| 2. Учење и настава | - Планирање на наставниците<br>- Наставен процес<br>- Искуства на учениците од учењето<br>- Задоволување на потребите на учениците од наставата<br>- Оценувањето како дел од наставата<br>- Известување за напредокот на учениците |
| 3. Поддршка на учениците | - Севкупна грижа<br>- Здравјето и постконфликтната состојба<br>- Соодветна помош на учениците<br>- Следење на напредокот |

## 4. Постигнувања на учениците

- **Постигнувања на учениците**
- **Задржување/осипување на учениците**
- **Повторување на учениците**

---

## 5. Училишна клима и односи во училиштето

- **Училишна клима и односи во училиштето**
- **Промовирање на постигањата**
- **Еднаквост и правичност**
- **Партнерски однос со родителите и локалната заедница**

---

## 6. Ресурси

- **Сместување и просторни капацитети**
- **Наставни средства и материјали**
- **Наставен кадар**
- **Следење на развојните потреби на наставниот кадар**
- **Финансиско работење во училиштето**

---

## 7. Управување, раководење и креирање политика

- **Управување и раководење со училиштето**
- **Цели и креирање на училишната политика**
- **Развојно планирање**

---

## Техники и инструменти кои се користени во самоевалуацијата

| ТЕХНИКИ | ИНСТРУМЕНТИ |
|---|---|
| НАБЉУДУВАЊЕ | СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБАТА |
| АНКЕТИРАЊЕ | АНКЕТИ<br>ПРАШАЛНИЦИ |
| ИНТЕРВЈУ | РАЗГОВОРИ (ИНДИВИДУАЛНИ И ГРУПНИ) |
| АНАЛИЗА НА ДОКУМЕНТИ, дневник за работа, извештаи, записници и сл. | ЧЕК ЛИСТИ |

## 1.Подрачје на вреднување:

## НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

**Оддели во рамките на подрачјето**:

1.1. Организација на наставните планови и програми

1.2. Квалитет на наставните планови и програми

1.3. Воннаставни активности

## 1.1. Организација на наставните планови и програми

| Извори на информации | Добиени информации |
|---|---|
| Закон за основно образование<br><br>Годишна програма за работа на училиштето<br><br>Наставни планови и програми по сите предмети | Во нашето училиште во целост се реализираат наставните планови и програми одобрени од Министерството за образование и наука по сите наставни планови и програми за сите одделенија од деветгодишното образование. Програмите што ги нудат МОН и Бирото за развој на образованието се прилагодуваат според условите и средината во која работиме. При изготвувањето на годишните планирања наставниците се договараат и заеднички ги разгледуваат на состаноците на стручните активи и по потреба вршат промени во одредени подрачја. Годишните, тематските, процесните и дневни планирања, како и планирањата на воннаставите активности, наставниците ги изработуваат сами. Сите планирања веќе се изработуваат во електронска форма и печатено, што е доказ дека наставиците веќе умеат да користат компјутерска технологија.<br><br>Врз промената на наставните програми родителите немаат можност да влијаат, освен преку Советот на родители. Досега родителите немале забелешки врз промената на наставните програми, но повеќе од нив се сложуваат дека новите програми по Кембриџ програмата се обемни и тешко разбирливи за учениците. Учениците немаат можност да влијаат врз промените на наставните планови и програми.<br>Годишните програми и дневните подготовки од секој наставник (одделенска и предметна настава) се достапни за директорот, стручната служба и инспекторите, додека за учениците и родителите не се достапни. Учениците со овие документи и промени се запознаваат на почетокот на учебната година од предметните и одделенските наставници, а родителите на општата родителска средба и Совет на родители. |

| | |
|---|---|
| Записник од Совет на родители<br><br>Записници од родителски средби<br><br>Дневни подготовки на наставниците<br><br>Програма за воннаставни активности<br><br>Годишни планирања по сите предмети | За изборен предмет во минатата учебна година за учениците од четврто и петто одделение во анкетата беше понуден творештво, но родителите се изјаснија против изборниот предмет. Предметот работа со компјутер и основи на програмирање е задолжителен во четврто и петто одделение. Во шесто одделение како изборен предмет се изучува запознавање на религиите, во седмо техничко образование, во осмо одделение предметот вештини на живеење, а во деветто изборен предмет е проекти од информатика. Во деветто се реализира предметот иновации, а во сите одделенија од прво до деветто предметите природни науки и математика се изучуваат по Кембриџ програмите. Од учебната 2019/2020 година по предметот физичко здравствено образование предава наставник по физичко во тандем со одделенскиот наставник, во учебната 2020/21 и во второ одделение предава предметниот наставник. Од учебната 2020/21 година има нови наставни програми и по англиски јазик од прво до деветто одделение.<br><br>Поради пандемијата, наставата во учебната година 2019/20 од месец март се одвиваше на далечина, со помош на електонски медиуми. Следната 2020/21 година беше скратена и започна од месец октомври при што сите наставници работеа по скратени наставним програми, наставинице од одделенска настава со физичко присуство, а предметна настава online.<br><br>Проектот Меѓуетничко интегрирано образование за кој имаме формирано СИТ и програма со активности продолжува да се реализира и понатаму и е вметнат и во годишните планирања на наставниците. Кои реализираат самостојни мултикултурни активности и заеднички воннактивности со одбраното партнер училиште ООУ „Никола Карев“- Крушево и подрачното во с. Норово и с. Саждево (спортски натпревари, литературно читање и ликовни работилници) најчесто по повод Патрониот празник на училиштето. |

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

| **Извори на информации** | **Добиени информации** |
|---|---|
| Записник од стручен актив<br><br>Предавања од Педагошко-психолошката служба за болести на зависност<br><br>Записници во одделенските дневници | Осовременувањето на наставните планови и други подготовки се овозможуваат преку советувања и семинари кои ги организира Бирото за развој и на истите се запознаваат со измените и начините за осовременување на наставата. Поголем дел од наставниците заради актуелната состојба следат обуки преку други форми, најчесто вебинари на кои се обработуваат содржини за работа на националната образовна платформа односно на Microsoft Teams. Бирото за развој на образованието во соработка со Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, организира средба за презентација на Е-Твининг платформа за учење. Е-твининг е проектна рамка што им овозможува на училиштата од Европа работа на заеднички проекти со користење на Интернет и ИКТ алатки. На тој начин е-Твининг придонесува за подобрување на педагошките аспекти на користењето на ИКТ во наставата и учењето и зголемување на ефективноста од користењето на истата. Сите наставници ја поминаа обуката за работа на националната платформа, но истата не беше употребена , па наставата во далечина минатата година се изведуваше преку Microsoft Teams.<br><br>Во училиштето се одржуваат состаноци на стручните активи каде што наставниците заеднички ги изготвуваат програмите за слободни активности, разговараат за проблемите, раменуваат искуства. На одделенските часовите се реализираат програма со работилници од Образование за животни вештини, а стручната педагошко-психолошка служба изготвува предавања од Црвен крст, од Медицински центар и учениците се |

| | |
|---|---|
| Извештаи од учество на семинари<br><br>Извештај од ПП служба за изведените предавања | запознати со репродуктивното здравје односот меѓу половите, болестите на зависност, како и опасностите од ХИВ- сида, ХПВ вирус, бруцелоза, туберколоза, жолтица и заштита од нив. Овие две години посебно внимание се посвети на актуелниот вирусот КОВИД -19 и на заштитата на сите вработени и ученици во училиштето. За таа цел се изработени протоколи кои треба да ги почитуваат сите за заштита на здравјето. Заради истата оваа состојба и стоматолошките прегледи и систематскиот преглед не се вршат во училиштето , туку во Здравствениот дом Прилеп.<br><br>Во дел од содржините од Образование за животни вештини, како и дел од содржините по некои предмети од одделенска и предметот граѓанско образование во предметна настава во деветто, учениците се запознаваат со човековите права, граѓанското образование и општествената проблематика. Во минатата учебна година беше одржан и Отворен ден на демократијата кој беше изведен online. |

## 1.3. Воннаставни активности

| **Извори на информации** | **Добиени информации** |
|---|---|
| План за реализација на воннаставите содржини, дневници за работа<br><br>Програма за дополнителна настава | Во нашето училиште се реализираат воннаствани активностии тоа: слободни ученички активности, додатна и дополнителна настава, хор, спортски активности. Во слободните активности учествуваат сите ученици (машки и женски) според нивните интелектуални способности и афинитети. На слободни ученички активности учениците запознаваат нови содржини кои се интересни за нив. Позабележливо учество на женските е во хорот, додека машките повеќе се заинересирани за спортските активности. |

| | |
|---|---|
| Програма за додатна настава<br><br>Програма за вонаставни активности<br><br>Индивидуален образовен план за ПОП<br><br>Закон за основно образование<br><br><br>Пофалници, дипломи | Додатна настава посетуваат учениците кои се талентирани и кои сакаат да научат нешто повеќе. Во дополнителната настава се вклучени ученици кои покажуваат послабите резултати по одредени подрачја и предмети. За дополнителна и додатна настава се изготвуваат посебни програми и се доставува список со ученици секој месец според потребите.<br><br>Учениците со потешкотии се вклучени во редовната настава и во вонаставните активности.За овие ученици наставниците изработуваат програма за деца со потешкотии.<br><br>Во додатната настава се вклучуваат талентирани ученици и своите знаења ги покажуваат на многу натпревари и имаат освоено многу награди,пофалници и дипломи. И овде треба на се нагласи дека овие две години голен број натпревари беа одложени или се изведуваа online. |

| **Користени методи за собирање на податоци** | **Вклучени во собирање на овие информации** | **Собрани информации** |
|---|---|---|
| Прашалник за ученици | Психолог<br><br>Наставници<br><br>Ученици | Со анкетата за учениците беа опфатени ученици од селата: Мало Коњари, Големо Коњари, Кадино Село и Славеј.<br><br>60% од учениците се изјасниле дека се информирани со наставните планови и програми, а 40% од анкетираните ученици знаат дека во училиштето се изработуваат посебни образовни програми за учениците со пречки во развојот како и програма за Меѓуетничка интеграција за младите во образованието. 70% од учениците знаат дека во училиштето се планираат Еко активности. 40% од учениците мислат дека во наставните планови и програми се вметнати потребите од локалната средина. 50 % од анкетираните ученици се информирани дека постои взаемност (интегрирање) помеѓу целите од различните наставни предмети. Исто толку ученици мислат дека има разновидност во планирањето на воннаставни активности. 50% се изјасниле дека сите ученици се опфатени во некоја воннаставна активност и дека преку воннаставните активности се афирмираат и учениците и училиштето. |
| Анкета за родители | Психолог<br><br>Наставници<br><br>Родители | На анкетата се одзвале 18 родители од селата: Мало Коњари, Големо Коњари и Славеј, сите Македонци, на возраст од 30 до 50 години, со претежно средно образование.<br><br>Над 88% од анкетираните родители се изјасниле дека се информирани за наставните планови и програми и истите се во целост реализирани. Знаат дека во училиштето се изготвуваат посебни образовни програми за учениците со пречки во развојот. Над 50% од родителите знаат дека во училиштето се реализира Проширена програма за прифаќање на учениците од прво до трето одделение, а 75% од анкетираните родители знаат дека се реализираат |

| | | |
|---|---|---|
| | | Еко и МИМО програми. За за тоа дека во наставните програми се вметнати потребите од локалната средина позитивно се изразиле 75%. 88% од родителите сметаат дека постои интегрирање помеѓу целите од различните наставни предмети. 90% од родителите сметаат дека има разновидност во планираните воннаставни активности. Родителите се задоволни од тоа дека сите ученици се опфатени со некоја воннаставна активност и дека преку воннаставните активности се афирмираат и учениците и училиштето . Сите анкетирани родители сметат дека и учениците се вклучени во избирањето на воннставните активности. |
| Прашалник за наставници | Психолог<br><br>Наставници | На прашалникот се одзваа 20 наставници.<br><br>Над 80% од наставниците изработуваат Индивидуален образовен план, слободни ученички активности, додатни активности. Наставниците од прво до трето планираат проширена програма за прифаќање. Сите наставници изработуваат МИМО и Еко програми и ги известуваат учениците и родителите со стандардите и критериумите за своите предмети. 75% од анкетираните наставници при изработка на наставните планирања внимаваат на етичката и родовата рамноправност. Кај 80% постои интегрирање помеѓу целите од различни предмети. Сите анкетирани наставници ги прилагодуваат своите планирања со потребите на наставниот процес(при потреба од online настава). 67% од наставниците ги вклучуваат родителите доколку има потреба од ИОП за ученик со попреченост во учењето. 83% од наставниците сметаат дека има разновидност во планираните воннаставни активности и се договарат со колегите сите ученици да бидат вклучени во нив. Само 25% од наставниците имаат потешкотии при релизирање на вонnаставните активности при online наставата. |

**Клучни јаки и слаби страни од подрачјето:**

**НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ**

**Клучни јаки страни:**

- Наставниците самостојно и преку стручните активи учествуваат во изготвување на годишните, процесните, неделните и дневни планирања во печатена или електронска форма;
- Наставниците изготвуваат планирања за СУА, додатна и дополнителна настава, како и програма за работа за деца со потешкотии во учењето;
- Големиот број награди, пофалници, признанија добиени на разни натпревари;
- Училиштето ги планира и реализира вonнаставните активности и секогаш се вклучува во многу нови проекти и соработува со локалната самоуправа;
- Наставниците се оспособени за работа во далечина, посебно предметните наставници, затоа што тие минатата учебна година цело време имаа настава на далечина.

**Слабости:**

- Потреба од обука за работа со смарт таблите;
- Проблеми со реализација на содржини од ИКТ затоа што големите комјутери веќе не се употребливи;
- Потешкотии во реализација на содржините од предметот Работа со комјутер и основи на програмирање во одделенска настава ;
- Недоволно ресурси за изведување настава за програмите од Кембриџ;

## РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО:

## НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

Нашето училиште во целост ги реализира наставните програми и планови одобрени од МОН.Наставниците ги прилагодуваат истите на локалната средина и условите. Наставните планови и програми им се достапни на наставниците, и на родителите и учениците. Родителите се запознаваат на родителски средби кои во моментов се изведуваат online, а учениците преку одделенските наставници. Учениците имаат можност да бираат изборни предмети.

Наставниците применуваат современи наставни методи преку посета на семинари, советувања, следење на стручна литература и размена на искуства на Стручните активи. Повеќето од наставниците се оспособени и изведуваат настава на далечина користејќи дигитални платформи.

За многу болести и проблеми во здравјето се изготвуваат стручни предавања од Медицински центар и Црвен крст или од стручните служби преку кои се советуваат како да се заштитат од нив. Преку предметот граѓанско образование и некои теми од образование за животни вештини и општество во одделенска настава се запознаваат со човековите права и друга општествена проблематика, како мито и корупција и како да се справат со истата.

За талентираните ученици се организира додатна настава, а во предметна настава сами бираат во кои ученички активности ќе бидат вклучени и тоа подеднакво достапни без разлика на полот-според индивидуалните способности. За успешната работа на учениците и наставниците сведочат многубројните награди, пофалници со кои се гордеат за учество на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари. Најуспешните ученици првенци на генерација од 9 одделение одат и на организирани екскурзии во странство преку Детската амбасада Меѓаши.

Наставниците се заинтересирани за натамошно усовршување и примена на посовремени наставни методи. Родителите имаат поголемо учество, што се овозможи со групното советување за Соработка со родителите.

**Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Натамошно подобрување на просторните услови во училиштето за поуспешно реализирање на наставните планови и програми;

- Перманетно стручно усовршување на наставниот кадар за вклучување во проекти од Еразмус + и други проекти ;

- Оспособување на секој наставник за изготвување на ИОП за деца со ПОП и за деца со потешкотии во учењето;

- Соодветна едукација на наставниот кадар за инклузивно образование и е-учење;

- Обука на наставниците за работа со смарт табла;

## 2.Подрачје на вреднување: УЧЕЊЕ И НАСТАВА

Оддели во рамките на ова подрачје:

2.1. Планирање на наставниците

2.2. Наставен процес

2.3. Искуства на учениците од учењето

2.4. Задоволување на потребите на учениците од наставата

2.5. Оценување како дел од наставата

2.6. Известување за напредокот на учениците

## 2.1. Планирање на наставниците

| Извори на информации | Добиени информации |
|---|---|
| Наставни планови и програми по сите предмети<br><br>Годишни, тематски, развојни процесни и дневни планирања<br><br>Записници од стручен актив<br><br>Записници од одделенски совет<br><br>Материјали од семинари и обуки | Секоја учебна година наставниците од нашето училиште, за реализација на наставните планови и програми изработуваат во печатена и електронска форма годишни глобални, тематски, развојни процесни, месечни и дневни подготовки според Наставните планови и програми одобрени од БРО и МОН на Р. Македонија. Директорот, ППС, советниците од Бирото за развој и државните просветни инспектори преку посета на часовите вршат следење на реализацијата на планирањата. Со посета на семинари, обуки, советувања, состаноци на стручните активи, секојдневната комуникација, наставниците стекнуваат нови искуства кои ги применуваат во наставата. При воведувањето на нови програми, доцнењето на некои од учебниците на наставниците им создава тешкотии во планирањето на програмите. Развојните процесни и тематските планирања ги содржат сите елементи потребни за реализацијата на една тема: содржините, целите, методите, формите, стратегиите, наставните средства и помагала, претходни искуства, очекуваните исходи, интеграција, како и начини на следење и оценување на учениците и критериуми по кои се врши оценувањето. Најчесто се користат дијалошката, демонстративната, истражувачката метода, се изработуваат табели, графикони, наставни средства и помагала, индивидуална, индивидуализирана, групна и работа во парови, практични вежби, дискусии, анализа на случајот, изработка на проекти, користат најнови видови ресурси, примена на информатичка технологија, средства и помагала од она што располага училиштето. Со активното вклучување на учениците преку интеракции се поттикнуваат на дискусии, дебатирања, откривање на проблеми и индивидуална работа. Без разлика на полот, сите деца подеднакво се вклучени активно во процесот на работата што укажува дека во нашето училиште не постојат стереотипи, нема поделба на машки и женски активности. |

## 2.2. Наставен процес

| Извори на информации | Добиени информации |
|---|---|
| Записници од посета на часови<br><br>Книга за евиденција на посетени семинари, советувања и обуки<br><br>Извештај од ДПИ<br><br>Портфолио | Со редовната посета на часовите и вонннаставните активности од страна на директорот и педагошко-психолошката служба, се врши оценување на наставниците со следење на квалитетот на наставните часови од методски аспект, квалитетот на следењето, проверувањето, оценувањето и исполнувањето на сите програмски обврски. Училиштето им дава целосна поддршка на наставниците кои се заинтересирани за својот професионален развој.<br>На последната интегрална евалвација спроведена од страна на Државниот просветен инспекторат, тимот од просветни инспектори состојбата во училиштето ја оцени како добра. Реализацијата на наставата е добра, се реализира според наставните планови и програми. Сите наставници изработуваат добри планирања и критериуми за оценување. Во наставата за учење и поучување се користат разни форми и методи. Компјутерите се користат во наставната работа во голема мера што е внесено и во самите планирања како и еколошките содржини и проектот за МИМО. Во училиштето се изучуваат и изборни предмети кои се по слободен избор на учениците и родителите. |

## 2.3.Искуства на учениците од учењето

| Извори на информации | Добиени информации |
|---|---|
| Портфолио | Сите ученици во нашето училиште без разлика на пол, социјално потекло, различни стилови на учење и интелектуални способности се подеднакво третирани. Во процесот на наставата наставниците користат различни форми и методи за работа и се прилагодуваат кон потребите и способностите на учениците. |

| | |
|---|---|
| Трудови на ученици<br><br>Проект МИО | Во просториите на училиштето, училниците, ходниците се изложуваат трудовите подеднакво на сите ученици ( машки и женски). Учениците со различни интелектуални способности со своите трудови учествуваат на изложби во училиштето и надвор од него: нивните литературни творби се внесени во литературните катчиња, ѕидниот весник, училишниот весник „Виножито“, а голем број од нив учествуваат на разни литературни конкурси и се објавени во детските списанија. Во проектите од МИМО учествуваат сите ученици и наставници. Во учебната 2019/20 година заеднички активности со партнер училиштето и со други училишта со литературни читања, проекти, заеднички учества на приредби, интегрирани часови, дружења по повод Денот на училиштето и слично. Во учебната 2020/21 година поради ситуациајта со ковид пандемијата и oneline наставата содржините од овој проект се реализираат само со разни самостојни активности. Посебно внимание се обрнува на учениците со помала интелектуална способност и им се помага самостојно да размислуваат и поактивно да се вклучат во сите активности во училиштето. |

### 2.4. Задоволување на потребите на учениците од наставата

| **Извори на информации** | **Добиени информации** |
|---|---|
| Годишни планови и програми<br><br>Тестови<br><br>Дневник за работа на наставник<br><br>План и програма за слободни активност | Образовните потреби кај учениците се идентификуваат секојдневно преку наставата: од покажаниот успех преку изработените тестови, писмени работи, испрашувања, наставни ливчиња, секојдневната активност на часовите и желбите на учениците за дополнување на знаења.<br>Наставниците ги користат сите расположливи наставни средства во училиштето за да можат максимално да ги задоволат индивидуалните потреби на учениците. Одржуваат дополнителна настава за учениците кои покажуваат заостанување во наставата, ги поттикнуваат |

| | |
|---|---|
| Записници од наставнички совет<br><br>Записници од одделенски совет<br><br>Записници од стручен актив | учениците активно да се вклучат во слободните ученички активности и натпревари; им помагаат и упатуваат во проширување на знаењата надвор од наставата (користење на дополнителна литература, интернет, посета на изложби, библиотеки, саеми на книга и др. )<br>Наставниците за да обезбедат учество на учениците во сите активности употребуваат различни методи на работа-групна работа идивидуален пристап кон секој ученик, нањудување при научни екскурзии, експерименти, изработуање на информативни книги по теми (во одделенска настава).<br>Во предметна настава наставниците ги поттикнуваат учениците по одредни наставни содржини преку експерименти сами доаѓаат до заклучокот. Наставниците заедно со учениците изработуваат слики, цртежи, теми, вршат набљудување преку микроскоп, користат свежи материјали и разни модели и др.<br>Наставниците користат различни методи и форми за подобрување на наставата и за вклучување на сите ученици во наставниот процес, работа во групи во изработување на различни проекти, индивидуална и индивидализирана настава со цел да се почитуваат индивидуалните способности на учениците. Наставата се изведува на македонски јазик.<br>Со појавата на пандемијата со корона вирусот Covid 19, најпрвин (2019/20година) наставата се одвиваше online за сите ученици, а 2020/21 година учениците од одделенска настава посетуваа настава со физичко присуство, а од предметна продолжија online преку платформата Mikrosoft Teams. |

## 2.5. Оценување како дел од наставата

| Извори на информации | Добиени информации |
|---|---|
| Закон за основно образование<br><br>Годишна програма за работа на училиштето<br><br>Тестови<br><br>Одделенски дневници | За учениците од прво до трето одделение оценувањето се врши описно. За учениците од четврто до шесто одделение оценувањето се врши комбинирано (на прво и трето тромесечие и на полугодие оценувањето е описно, а на крајот на учебната година оценувањето е бројчано). Учениците од седмо до деветто одделение се оценуваат бројчано. Учениците кои описно се оценуваат континуирано се следат и нивните разултати се евидетираат. Најчести форми за оценување се користат: контролни задачи, наставни листови, писмени вежби, писмени работи, тематски тестови. Истите форми и методи важат и за учениците до деветто одделение. При online наставата преписката се одвиваше електронски-по Messenger или на Mikrosoft Teams.<br>Како критериуми се користат скалите со бодови на писмените задачи и изработка на тестови со диференцирани задачи со различни тежински нивоа. Наставниците по предметна настава користат исти критериуми за оценување на учениците со различни способности. Во одделенска настава двајца ученици учеа по Индивидуална образовна програма. Оценките се евидентираа во одделенските дневници (печатени и електронски). Учениците постојано се информирани за својот напредок. |

## 2.6. Известување за напредокот на учениците

| Извори на информации | Добиени информации |
|---|---|
| Покани за родители<br><br>Записници од родителски средби<br><br>Одделенски дневници<br><br>Матична книга<br><br>Евидентни листови<br><br>Свидетелства | Учениците за својот напредок добиваат усмени и писмени информации преку одделенскиот раководител и предметните наставници. На прво тромесечие, на полугодие и на трето тромесечие учениците добиваат евидентни листови, а на крајот од учебната година оценките се пишуваат во свидетелство за завршено одделение.<br>Училиштето ги стимулира учениците за подобрување на успехот бидејќи го наградува нивниот труд и постигнатиот успех, доделува награди, признанија, пофалници и секоја година се избира првенец на генерација од деветто одделение, кој исто така е награден од училиштето и од локалната самоуправа. На родителите им се даваат усмени и писмени информации преку редовните и вонредните родителски средби (групни и индивидуални), преку евидентните листови, ученички досиеја, портфолија и сведителствата, општите родителски средби, посебни средби со педагошко-псохолошката служба и директорот на училиштето. За време на пандемијата со корона вирусот родителските средби се реализираа и електронски.<br>Во секое време училиштето е отворено за средби со родителите за нивните интересирања за напредокот на нивните деца. Родителите во секое време можат да се информираат за успехот на своите деца преку електронскиот дневник кој ги содржи сите информации како и одделенските дневници. |

| **Користени методи за собирање на податоци** | **Вклучени во собирање на овие информации** | **Собрани информации** |
|---|---|---|
| Анкета за ученици | Психолог<br>Наставници<br>Ученици | Поради ситуацијта со ковид пандемијата анкетата се одвиваше oneline. Анкетирани се 19 ученици Мало и Големо Коњари, Кадино Село и Славеј, од сите одделенија, различни по успех.<br>Над 89% од учениците одговориле дека во целост, редовно се следи индивидуалното планирање на наставниците, дека наставниците си разменуваат искуства и информации при планирањето на наставата и дека распоредот на часови навреме се истакнува. Исто толкав процентод анкетираните ученици во училиштетето се изјасниле дека редовно се користат различни форми и методи во наставниот процес, се користи ИКТ, приодот на наставниците кон сите ученици е еднаков, дека постои позитивна интеракција помеѓу учениците и вработените. 67% од учениците сакаат практична настава кај работодавачи. 89% од анкетираните ученици се изјасниле дека учениците се поттикнуваат на превземање одговорност, дека постои соработка помеѓу учениците и позитивна атмосфера за учење во училиштето. Поделено е мислењето на учениците за учењето од далечина: 44% воопшто не се согласуваат, а на 44% потполно им одговара. Во анкетата учениците потврдуваат дека редовно се откриваат и почитуваат различните потреби на учениците во училиштето. 89% од учениците се изјасниле дека наставниците користат различни форми и методи за оценување, при што редовно се известуваат учениците за нивниот успех. |
| | | Во ова подрачје беа вклучени 14 родители, од Мало Коњари, Големо Коњари, Кадино Село и Славеј од 30 до 50 годишна возраст, претежно со средно образование. |

| | | |
|---|---|---|
| Анкета за родители | Психолог<br>Наставници<br>Родители | 80% од родителите одговориле дека во целост, редовно се следи индивидуалното планирање на наставниците; 64% од анкетираните родители знаат дека наставниците си разменуваат искуства и информации при планирањето на наставата, а 86% дека распоредот на часови навреме се истакнува. 86% од анкетираните родители се изјасниле дека редовно се користат различни форми и методи во наставниот процес, а 64% дека се користи ИКТ, а 85% веруваат дека приодот на наставниците кон сите ученици е еднаков и дека постои позитивна интеракција помеѓу учениците и вработените. 50% од родителите сакаат практична настава кај работодавачи. 79% од анкетираните родители се изјасниле дека учениците се поттикнуваат на превземање одговорност, дека постои соработка помеѓу учениците и позитивна атмосфера за учење во училиштето. Поделено е мислењето на родителите за учењето од далечина: 50% воопшто не се согласуваат, а на 29% потполно им одговара на нивните деца. За 82% од родителите редовно се откриваат и почитуваат различните образовни и други потреби на учениците во училиштето и дека тоа е исклучително важно за нив. 77% од родителите се изјасниле дека наставниците користат различни форми и методи за оценување, при што редовно се известуваат учениците за нивниот успех. |
| | | Во ова подрачје беа вклучени 20 наставници, претежно од 30 до 60 годишна возраст, 82% со високо образование, сите Македонци по националност, претежно од женски пол, кој преовладува во нашиот колектив.<br>Сите од анкетираните наставници одговориле дека редовно се следи индивидуалното планирање на наставниците. Во целост се согласуваат дека наставниците си разменуваат искуства и информации при планирањето на наставата, како и тоа дека |

| | | |
|---|---|---|
| Прашалник за наставници | Психолог<br><br>наставници | распоредот на часови навреме се истакнува. Редовно се користат различни форми и методи во наставниот процес, дека се користи ИКТ во наставата. Сите наставниците се согласуваат дека нивниот приод кон сите ученици е еднаков и дека постои позитивна интеракција помеѓу учениците и вработените. 82% од наставниците се согласуваат дека треба да се изведува практична настава кај работодавачи за учениците. 100% од анкетираните наставници се изјасниле дека учениците се поттикнуваат на превземање одговорност и дека постои позитивна атмосфера за учење во училиштето и соработка помеѓу учениците.<br>Над 90% од наставниците се изјасниле дека редовно се откриваат и почитуваат различните образовни и други потреби на учениците во училиштето. Наставниците користат различни форми и методи за оценување, при што редовно се известуваат учениците за нивниот успех. |

**Клучни јаки и слаби страни од подрачјето: УЧЕЊЕ И НАСТАВА**

**Клучни јаки страни:**

- Соработка со родителите на високо ниво
- Давање помош и подршка на ученици со различни интелектуални способности
- Давање на упатства на учениците за извршување на своите ученички активнисти
- Редовно информирање на учениците и родителите за нивното постигнување
- Подеднаков третман за сите ученици во изложувањето на нивните трудови

**Слабости:**

- Наставниот кадар недоволно обучен за работа со деца со посебни потреби
- Отежнатост на работата во комбинирани паралелки
- Недостаток на современи нагледни средства и помагала
- Недостаток со книги за лектира
- Немање на соодветни кабинети по сите предмети
- Немање на спортски сала во подрачното училиште во Кадино Село и Големо Коњари

## РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО

## НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

Врз основа на Наставните планови и програми понудени од МОН, наставниците изработуваат годишни, тематки и дневни планирања. Училиштето ја следи работата на наставниците преку посета на часови од страна на директорот, педагошко психолошката служба, просветните инспектори и БРО истите имаат увид во нивните планирања. На наставниците им се дава подршка за професионален развој преку овозможување на посета на семинари и советувања.Тие разменуваат искуства преку секојдневната комуникација во училиштето,состаноците на стручните активи, наставничките и оддленеските совети. Во својата работа користат различни методи и форми за работа и ја прилагодуваат наставата на индивидуалните способности на учениците.

Сите ученици без разлика на пол, социјално потекло, различни стилови на учење и различни интелектуални способности се еднакво третирани и нивните трудови се подеднакво изложени во просториите на училиштето. Посебно внимание се обрнува на учениците со помала интелектуална способност и им се помага поактивно да се вклучат во поголем број активности во училиштето. Наставата се изведува на македонски јазик. За учениците од I до III одд. оценувањето се врши описно. За учениците од IV до VI одд. оценувањето се врши комбинирано (прво и трето тромесечие и на полугодие оценувањето е описно, а на крајот на годината оценувањето е бројчано). Учениците од VII до IX се оценуваат бројчано. Учениците и родителите се редовно информирани за успехот и постигнатите резултати. Вработените секогаш се отворени за соработка со родителите. Училиштето ги стимулира учениците за подобрување на успехот. На учениците им се допаѓа училиштето во кое учат. Часовите им се интересни и забавни. Добиваат помош од наставниците и стручните служби за нивната работа во училиштето. Учениците се редовно информирани за своите постигнувања и оценки, го истакнуваат пријателскиот однос со наставниците. Наставниците соработуваат со психолошко-педегошката служба и со родителите. Поискусните наставници им даваат помош во работата на новите наставници. Ги почитуваат индивидуалните способности на учениците. Редовно присуствуаат на семинари Родителите комуницираат со наставниците на родителски средби и поединечни средби со наставниците и педагошко-психолошка служба, учествуваат во образованието на своите деца и го следат нивниот развој. Поради пандемијата со Ковид 19 дел од второто полугодие од учебната 2019/20 се одвиваше online преку Mesinger и Zoom и учебната 2020/21 исто така oneline преку платформата Microsift Teams.

**Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Обновување на училишниот инвентар
- Збогатување на училишниот библиотечен фонд
- Осовременување на кабинети во одд. и предметна настава
- Обезбедување на нагледни средства и помагала
- Изградба на спортски сала во подрачното училиште во Големо Коњари
- Стратегии за унапредување и професионален развој

## 3.Подрачје на вреднување: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оддели во рамките на подрачјето:

3.1. Севкупна грижа за учениците

3.2. Здравјето и постконфликтната состојба

3.3. Соодветна помош на учениците

3.4. Следење на напредокот

### 3.1. Севкупна грижа за учениците

| Извори на информации | Добиени информации |
|---|---|
| Годишна програма на училиштето<br><br>Годишна програмана ученичка заедница на паралелката<br><br>Годишна програма на ученичкиот парламент<br><br>Годишна програма на ученичкиот правобранител<br><br>Годишна програма на директорот и стручната служба<br><br>Интерен акт за педагошки мерки<br><br>Интерен правилник за ученичко организирање и учество<br><br>Евидентни листови за индивидуални разговори со родители, ученици<br><br>Записник во одд. Дневник<br><br>Брошурата за информирање на родители и ученици | Безбедниот престој на учениците во училиштето е еден од нашите приоритети, а тоа вклучува заштита на учениците од повреди и елементарни непогоди. Извршена е целосна реконструкција на подот во централното училиште. Со тоа се подобрија условите за престој во училиштето. Тоалетите во централното училиште и во подрачните училишта се наоѓаат внатре во училиштето.<br><br>Училиштето настојува да обезбеди соодветна грижа и заштита на своите ученици, без разика на полот и националната припадност. Мал дел од учениците се недисциплинирани, но насилство од поголеми размери не е забележано или пријавено. Со учениците се работи на оваа тема преку програмата Образование за животни вештини на одделенскиот час, активностите на ученичката заедница на паралелките, ученичкиот парламент, ученичкиот правобранител, предавања од стручната служба и преку секојдневните индивидуални или групни разговори со учениците. Во овие активности вклучени се и стручните соработници, училишниот педагог и психологот.<br><br>Во училиштето согласно правилата, кодексот за однесување на учениците истакнати во секоја училница, забрането е психичко и физичко насилство како на релација ученик-ученик така и на релација наставник–ученик.<br><br>Во училиштето немаме појава на пушење, конзумирање на алкохол и наркотични средства. За тие теми учениците се запознаваат и дискутираат како по одредени предмети од редовната настава, така и на Заедницата на ученици, одделенските часови и преку предавања и дискусии со стручната служба. |

**3.2. Здравјето и постконфликтната состојба**

| Извори на информации | Добиени информации |
|---|---|
| Записници од одделенски совет<br><br>Записници од наставнички совет | Согласно типот на здравствени проблеми, со учениците се однесуваме коректно и со разбирање, но сепак да ја оствариме целта тие ученици да го стекнат потребното знаење.<br>Во нашето училиште не постои амбуланта, но затоа соработката со Здравствениот дом е на високо ниво од каде се врши редовна контрола на здравјето на учениците преку редовни систематски прегледи, вакцини, стоматолошки прегледи и интервенции. Се води грижа учениците со оштетен вид и слух да седат на прва клупа, а ако има и ученици со одредени повреда, одделенските наставници имаат посебен приод кон овие ученици, се разговара со учениците со цел да им помогне. Одделенските раководители и стручната служба разговараат со родителите на овие ученици и секогаш има добра соработка за решавање на проблемите за учениците. |

**3.3. Соодветна помош на учениците**

| Извори на информации | Добиени информации |
|---|---|
| Записници од одделенски совет<br><br>Закон за основно образование<br><br>Годишни извештаи | Родителите на нашите ученици сите потребни информации ги добиваат преку родителските средби, електронскиот дневникот, покани за конкретни индивидуални и групни средби. Исто така, се реализира Советувалиште за родители (Групно советување на родители и ученици) од страна на училишниот психолог. Во прв план секогаш е интересот на ученикот.<br>Во нашето училиште учениците од осмо и деветто одделение преку разговори, предавања, прашалник за нивните професионални интереси со стручните соработници, предметните наставници и раководителите на паралелките се запознаваат со |

| | |
|---|---|
| Прашалник за професионалните интереси на учениците<br><br>Конкурсот за упис во СОУ-та и нивни флаери и плакати | Конкурсот за упис во средните општински училишта, каде се наведени новите струки во целата држава, потребниот број на поени, начинот на бодирање и потребните документи и термини за упис во средните училишта во градот и околината и условите за запишување. Претставници од средните училишта доаѓаат кај нас и вршат презентација на нивните училишта, а се врши и организирана посета во некои од средните училишта. Во текот на годината во рамките на научните екскурзии, учениците посетуваат фабрики, институции кои позитивно влијаат на понатамошниот избор на нивното занимање. |

### 3.4. Следење на напредокот

| Извори на информации | Добиени информации |
|---|---|
| Одд.дневници<br><br>Записник од Наставнички совет<br><br>Закон за Основно образование<br><br>Покани<br><br>Записник од педагог, психолог | Следењето на редовноста, е-дневникот, поведението и развојот на секој ученик се реализира генерално преку раководителите на паралелките, односно одделенските наставници, така да секогаш училиштето, односно, стручната служба имаат јасна претстава по овој приказ за секој ученик.<br><br>Ваквата евиденција е достапна на секого согласно правилата уредени со акти во нашето училиште, според законската регулатива.<br><br>Сите потреби од евиденцијата се дискутираат на одделенските и наставничките состаноци на училиштето или по потреба поединечно се известуваат надлежните институции, се во интерес на ученикот.<br><br>По завршувањето на основното образование ја следиме и вертикалната проодност на нашите ученици, односно нивниот понатамошен успех во средно училиште. |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| **Користени методи за собирање на податоци** | **Вклучени во собирање на овие информации** | **Собрани информации** |
| Анкета за ученици | Психолог<br>Наставници<br>Ученици | Анкетирани се 18 ученици, од Мало и Големо Коњари, Кадино Село и село Славеј. 73% од учениците се од женски пол, од второ до деветто одделение, претежно со многу добар и одличен успех.<br>83% од анкетираните ученици одговориле дека во училиштето се реализира заштита од физички повреди и елементарни непогоди и дека се превземаат активности за превенција од насилство во училиште; 82% одговориле дека во училиштето се реализираат содржини за заштита од болестите на зависност и се внимава на едукација на учениците за здрава храна. За 92% од анкетираните има поддршка на учениците со пречки во развојот. 69% сметаат дека се води грижа за учениците од социјално загрозените семејства. 82% од учениците знаат дека во училиштето има Интерен план при случај на елементарни непогоди и дека се врши симулација(вежба) во цело училиште.<br>73% од учениците одговориле дека се внимава на хигиената и заштитата од болести кај учениците и вработените, се води грижа за учениците со здравствени проблеми. 90% од учениците мислат дека во училиштето има обучен кадар за пружање прва помош на учениците. Околу 90% се изјасниле дека наставниците и стручните соработници им даваат стручна помош преку професионално ориентирање во училиштето и преку соработка со средните општински училишта. Учениците знаат дека се води евиденција за нивниот индивидуален напредок и дека се анализира нивниот успех. |

| | | |
|---|---|---|
| Анкета за родители | Психолог<br><br>Наставници<br><br>Родители | Анкетирани се 18 родители, од Мало и Големо Коњари, Кадино Село и село Славеј, од 30 до 50 годишна возраст, со средно стручно образовние, сите Македонци.<br>100% од анкетираните родители одговориле дека во училиштето се реализира заштита од физички повреди и елементарни непогоди и дека се превземаат активности за превенција од насилство во училиште; Голем дел од родителите одговориле дека во училиштето се релизираат содржини за заштита од болестите на зависност и дека во училиштето се внимава на едукација на учениците за здрава храна. 72% одговориле дека има поддршка на учениците со пречки во развојот и дека се води грижа за учениците од социјално загрозените семејства. 92% од родителите знаат дека во училиштето има Интерен план при случај на елементарни непогоди и дека се врши симулација (вежба) во цело училиште. 92% од родителите одговориле дека се внимава на хигиената и заштитата од болести кај учениците и вработените и дека се води грижа за учениците со здравствени пробеми. 69% од родителите знаат дека во училиштето има обучен кадар за пружање прва помош на учениците.<br>77% од анкетираните се изјасниле дека наставниците и стручните соработници им даваат стручна помош преку професионално ориентирање во училиштето и преку соработка со средните општински училишта. Родителите знаат дека се води евиденција за индивидуален напредок на нивните деца и дека се анализира нивниот успех. |
| Прашалник за наставници | Психолог<br><br>Наставници | Анкетирани се 18 наставници од 30 до 60 годишна возраст претежно со високо образовние-сите Македонци. Во ова подрачје опфатени се прашања за истите теми како и за учениците и родителите. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 100% од анкетираните наставници одговориле дека во училиштето се реализира заштита од физички повреди и елементарни непогоди и дека се превземаат активности за превенција од насилство во училиште и дека во училиштето се реализираат содржини за заштита од болестите на зависност. Скоро сите наставници одговориле дека во училиштето се внимава на едукација на учениците за здрава храна, дека има поддршка на учениците со пречки во развојот и дека се води грижа за учениците од социјално загрозените семејства 92% од наставниците знаат дека во училиштето има Интерен план при случај на елементарни непогоди и дека се врши симулација (вежба) во цело училиште. Сите анкетирани наставници одговориле дека се внимава на хигиената и заштитата од болести кај учениците и вработените и се води грижа за учениците со здравствени проблеми. 92% од наставниците мислат дека во училиштето има обучен кадар за пружање прва помош на учениците и дека дека имаме просторија за изолација при пандемија со заразна болест. 91% од анкетираните се изјасниле дека наставниците и стручните соработници им даваат стручна помош преку професионално ориентирање во училиштето и преку соработка со средните општински училишта (и на учениците со здравствени проблеми). Над 90% од наставниците одговориле дека учениците ги запознаваат со Конкурсот за упис во средните училишта и дека се релизира прашалник за професионалните интереси н учениците, од страна на училишниот психолог. 90% од наставниците се изјасниле дека се води грижа за индивидуалниот напредок на сите ученици, дека се анализира успехот на учениците според полот и по наставните предмети. 83% од наставниците се изјасниле дека при online наставата се зголемила сорботката со родителите и дека тоа е исклучително важно. |

**Клучни јаки и слаби страни од подрачјето: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**

- **Клучни јаки страни:**
- Училиштето води грижа за емотивните, социјалните и физичките потреби на своите ученици вклучувајќи ги и децата со посебни потреби и го следи нивниот развој.
- Соработката со родителите и со други служби и институции е на високо ниво.
- Има програма за здравјето на учениците.
- Стручната служба соработува со учениците и нивните родители.
- Добро организирана професионална ориентација.

**Слабости:**

- Недоволна обученост на наставниот кадар за работа со деца со посебни потреби.
- Недостаток на наставни средства и помагала
- Подобрување на хигиената во училиштето

## РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Самиот факт дека децата поголемиот дел од времето поминато на училиште, карактеристично за руралните училишта, го користат за воспоставување на блискост со наставниците е еден сегмент на воочување на потребите за комуникација од секојдневниот живот на учениците. Посебно пораните возрасти многу искрено ги манифестираат сите свои потреби кои сакаат преку нежност и топлина да го надополнат. Децета знаат да бидат нестрпливи и многу лесно да ја злоупотребат довербата со отсуство на часови, но сепак тоа не е честа карактеристика на нашето училиште. Оттука педагошко-воспитната методологија е главниот предуслов во разрешницата на конфлктите од личниот, социјалниот и емотивниот живот на учениците, кој преку ефикасни мерки се санираат за да не се доведат учениците до фазата на оддалечување од учењето.

Во нашето училиште се води севкупна грижа за учениците. Проблемите се решаваат во соработка со родителите, наставниците, стручната служба и директорот во училиштето. Во училиштето се организираат предавања за здравјето на учениците. Се вршат редовни систематски прегледи и вакцинации на учениците во училиштето или во здравствениот дом во Прилеп зашто нашето рурално училиште нема сопствена амбуланта. Се води евиденција за присутноста, поведението и успехот на учениците со што се постигнува поголем успех во учењето.

Стручната служба секогаш е отворена за учениците, родителите и наставниците и нивните проблеми. Понекогаш одделенскиот раководител го упатува ученикот на разговор со психологот, но и родителите во најголем дел се запознаваат и бараат помош за своите деца. Родителите сметаат дека нивните деца се во добри раце и дека во училиштето постојат добри стандарди на однесување.Сметаат дека треба да се подобри хигиената во училиштето.

Учениците сметаат дека наставниците им помагаат во подобрувањето на постигнувањата, ги сослушуваат учениците им даваат совети и ги упатуваат за проблемите во други институции. Училиштето ги следи емоционалните, физичките и социјалните потреби на своите ученици, без разлика на полот и етничката припадност како и посебните образовни потреби. Настојува овие потреби учениците да ги реализираат како во текот на наставата така и воннаставните активности.

## Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- Обезбедување обука за наставниците за професионален развој
- Осовременување на наставата со употреба на современи наставни средства и помагала
- Разновидна примена на современи наставни форми и методи
- Подобрување на соработката со родителите на учениците со слаб успех
- Обнова на ИТ технологија (компјутери)

# 4.Подрачје на вреднување: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оддели во рамките на подрачјето:

4.1. Постигнувања на учениците

4.2. Задржување / осипување на учениците

4.3. Повторување на учениците

## 4.1. Постигнувања на учениците

| Извори на информации | Добиени информации |
|---|---|
| Годишна програма за работа на училиштето<br><br>Статистички извештаи<br><br>Годишни извештаи<br><br>Полугодишни извештаи<br><br>Главни книги<br><br>Одделенски дневници<br><br>Записници од наставнички совет<br><br>Матична книга бр.11,12.13<br><br>Извештаи од крајот на учебната година | Наставниот кадар заедно со педагошко-психолошката служба целосно ја следи работата на учениците. Според годишната програма на крајот од секое тромесечие се одржуваат одделенски совети (кои спрема условите со ковид пандемијата се одржуваа онлајн преку Microsoft teams) на кои се разгледува и утврдува успехот кај учениците по предмети и одделенија. На крајот на првото и третото тромесечие се изготвува анализа на успехот на учениците, а со цел да се види степенот на прилагоденост на учениците при преминот од одделенска во предметна настава, прилагоденоста на учениците од подрачните училишта во централното училишта, од комбинирана во чиста паралелка, како и степенот на подготвеност на учениците за продолжување во наредните одделенија.<br>Од направени анализи утврдено е дека успехот на крајот од учебната година редовно е повисок од оној на полугодие. Низ повеќе форми на работа кои училиштето ги применува се подобрува квалитетот на наставата, а со тоа и постигањата на учениците.<br>По однос на половата припадност нема поголеми разлики во постигањата, т.е.успехот и кај машките и кај женските деца е речиси изедначен.<br>На крајот од учебната 2020/2021 година средниот краен успех на учениците од прво до деветто одделение е 4,04. Највисок среден успех имаше во V одд. 4,54, а најнизок успех во VIII одделение и изнесува 3,47. |
| Наставни планови и програми | За работа со учениците со посебни потреби има посебно изготвени планови и програми, па нивните постигања се следат преку задачи прилагодени на нивните можности и способности, изработка на вежби кои ја поттикнуваат нивната креативност и чувството за самодокажување. Оваа учебна година имаше двајца ученици со ПОП во одделенска настава и со нив се |

| | |
|---|---|
| Евиденција на Педагошко-психолошката служба<br><br>Записници од Наставнички совети<br><br>Закон за основно образование<br><br>Евиденција на педагошко-психолошката служба | работеше по индивидуална образовна програма. Во работата со овие ученици беа вклучени и стручните соработници од училиштето.<br>Наставниците во соработка со педагошко-психолошката служба го следат успехот кај овие ученици и го бележат нивниот напредок. И оваа учебна година пет родители, чии деца од седмо, осмо и деветто одделение имаа намален успех во учењето (по три и повеќе слаби оцени). Покрај родителите присуствуваа и овие ученици на т.н.„Групното советување на родители и ученици“, организирано од училишниот психолог. При тоа, покрај взаемно информативниот разговор психологот им ја предочи целта од ваквото советување, во кои се случаеви се повикуваат родителите, законската обврзаност, програмата предвидена за прва и втора средба, правилен начин на учење, фактори за успех во учењето, за важноста на домашните задачи...<br><br>Со оние ученици кои имаат потешкотии во учењето се реализираат посебни часови за дополнителна настава по сите наставни предмети. За учениците кои покажале негативен успех по еден или два наставни предмети на крајот од учебната година се организира дополнителна настава. Во изминатите три години нема ученици кои се упатуваат на дополнителна настава или го повторуваат одделението.<br>За работа со надарени ученици исто така има посебни наставни планови и програми кои вообичаено се спроведуваат на часовите за додатна настава која е законски задолжителна да ја планира секој наставник.. Овие ученици го претставуваат училиштето на регионални, државни и меѓународни натпревари на кои се постигнуваат видни резултати.<br>Учениците од нашето училиште кои до појавата на корона вирусот учествуваа на разни училишни, општински, регионални и меѓународни натпревари- Кенгур, Дабар како и Меѓународниот карневал во Прилеп по повод Прочка. Оваа учебна година од објективни причини немаа толку избор, но сепак зедоа учество на понудените. Ученици од нашето училиште учествуваа само на: Спортски активности во нашето училиште, |

| | |
|---|---|
| | посебно од нашиот спортски клуб „Dream team school“(возење велосипеди, Игри без граници претставени на „Пела радио“ од наставникот по ФЗО).<br><br>-На online натпревар „Елтам“ по англиски јазик учествуваа ученици од: осмо одделение (II место на општински и I место на регионален натпревар, а учество на републички. Од деветто одделение учество на општински натпревар.<br><br>-Меѓународен натпревар „Средби под јаворите“ во чест на Видое Подгорец – учество еден ученик од трето одделение од Кадино Село, кој беше награден со втора награда за поетска творба на тема „Развигорот вестоносец“.<br><br>-На натпревари по математика online зедоа учество:<br><br>Ученици од IV одделение второ место од Мало Коњари на општински и прво место на регионален натпревар и една ученичка доби признание за учество. Ученици од V одделение во Мало Коњари прво место на општински натпревар и признанца на регионален.<br><br>Еден ученик од IX одделение на општински натпревар трето место, а пофалница на регионален;<br><br>Ученичка од VII оделение пофалница на општински натпревар, а второ место на регионален. |
| Податоци во одд. дневници<br><br>Записници од стручните активи<br><br>План и програма за слободните активности<br><br>Проекти<br><br>Извештаи од родителски средби | Училиштето подготвува стратегии и активности за подобрување на успехот кај учениците и бележи нагорен тренд во постигањата на учениците по одделни предмети.<br>Педагошко-психолошката служба собира податоци за отсуствата на учениците и превзема мерки за нивно подобрување.<br>Во училиштето се одржуваат слободни ученички активности. Во нив доброволно учествуваат заинтересирани ученици, независно од полот или успехот по одделни предмети, а во зависност од нивните афинитети и интереси. Атрактивноста на содржините на овие часови ги прави интересни за учениците така да |

| | |
|---|---|
| План за дополнителна настава | повеќе ученици учествуваат и во по неколку секции. Самостојно и со помош на наставниците учениците изработуваат разни проекти на часовите и дома, во кои се вклучени сите ученици преку групна работа. |
| Пофалници<br>Благодарници<br>Дипломи | Учениците во нашето училиште покажуваат голем интерес за знаење и затоа учествуваат на голем број на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари; приредби организирани во училиштето и надвор од него, учествуваат на конкурси, изложби, литературни читања. Своите творби ги објавуваат во детските списанија и училишниот весник „Виножито“. За нивните успеси сведочат добиените награди, дипломи, пофалници , книги и сл. |
| Преведници за ученици<br>Закон за основно образование | Педагошко-психолошката служба прибира податоци за опфатеноста на учениците од 1 одделение, врши проверка на нивните психофизички способности и подготвеноста за запишување во основно училиште.<br>Училиштето го следи движењето на бројот на учениците (осипувањето и зголемување на бројот) и ги следи и анализира причините за тоа. Во нашето училиште има мало осипување на учениците поради преселба во странство, но и интерес за запишување на ученици од други училишта. Секоја година имаме запишани ученици од шесто одделение од село Славеј кои го продолжуваат и завржуваат основното образование во нашето училиште. Овие ученици се добро прифатени од вработените во училиштето и од нивните соученици, што се должи на добрата соработка меѓу наставниците и учениците и излегувањето во пресрет на потребите на учениците да го завршат основното образование. |

| Користени методи за собирање на податоци | Вклучени во собирање на овие информации | Собрани информации |
|---|---|---|
| Прашалник за ученици | Психолог<br>Наставници<br>Ученици | 94% од учениците се изјасниле дека добиваат информации за нивниот напредок и постигнувања и дека со кабиетската настава се постигнуваат подобри резултати. За 80% од учениците односот со наставникот влијае врз постигнување подобар успех . Најголем број од учениците се сметаат дека училиштето има адекватни услови за работа и диволно компјутери кои се на располагање на сите подеднакво. Наставниците разговараат со нив за нивниот напредок и постигнувања. Оценувањето е јавно и тие навремено се запознати со нивните постигнувања.<br>Над 90% од учениците се кажале дека во училиштето систематски се применуваат утврдените правила на однесување. 66% од учениците се изјасниле дека екстерното проверување ги натера континуирано да учат во текот на целата година. |
| Анкета за родители | Психолог<br>Наставници<br>Родители | 97% од родителите се изјаснија дека се доволно информирани за напредокот на нивнотодете и дека училиштето води евиденција за напредокот на учениците ,нивната редовност, поведение и развој во училиштето и дека оваа евиденција се допаѓа. 42% од родителите се занаат што е индивидуален образовен план (ИОП),30% не занаат, а 28%делумно занаат што е ИОП. 30%од родителите сметаат дека наставните планови и програми го оптоваруваат нивното дете. Мислењата околу тоа колку како родители се информирани како може наставникот и учениците да придонесат за постигањата на учениците со посебни образовни |

| | | |
|---|---|---|
| | | потреби се поделени. Поголемиот број анкетирани родители се изјаснија дека наставниците и другите вработени во училиштето не прават разлика меѓу учениците во однос на пол, социјална, етничка или друга религиозна припадност. |
| Прашалник за наставници | Психолог<br>наставници | 85% од наставниците ја подржуваат кабинетската настава и сметаат дека истата ќе придонесе за поголем квалитет во целокупната настава. Сите наставници се изјаснија дека оценувањето е јавно. За половина од наставниците екстерното проверување го промени начинот на оценување на учениците, додека останатите сметаат дека тоа не влијае во голема мера на начинот на оценување на учениците. 40% од наставниците кажале дека имаат можност да набават и користат стручна литература, 20% сметаат дека немаат можност , а 40% од наставниците се изјаснија дека наставниците делумно имаат можност да набават и користат стручна литература. |

**Клучни јаки и слаби страни од подрачјето:**

## ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Клучни јаки страни:**

- Добра организираност на наставата;
- Постојано следење и вреднување на постигањата;
- Користење на разни методи и техники на учење;
- Учество на учениците на регионални,државни и меѓународни натпревари и постигнување на солидни резултати
- Нема осипување на ученици
- Обучен наставниот кадар за користење на различни техники за споредување на тежинските нивоа при оценувањето и примена на стандарди за оценување
- Следење на постигањата на учениците по завршувањето на основно образование, во средните училишта

**Слабости:**

- Немање доволно простор кабинетска настава по сите предмети;
- Недоволна опременост на кабинетите со нагледни средства
- Намалување на бројот на учениците во наредните години.

## РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО ПОДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Наставниот кадар заедно со педагошко-психолошката служба во целост ги следи напредокот на учениците. Постигањата на учениците редовно се следат и споредуваат од страна на Наставничкиот совет. Успехот на крајот од учебната година редовно е повисок од оној на полугодие. Низ повеќе форми на работа кои училиштето ги применува се подобрува квалитетот на наставата, а со тоа и постигањата на учениците. За учениците кои покажуваа послаб успех се организира дополнителна настава. За работа со учениците со посебни потреби има посебно изготвени програми, па нивните постигања се следат преку задачи прилагодени на нивните можности и способности. Наставниците во соработка со педагошко-психолошката служба го следат успехот кај овие ученици и го бележат нивниот напредок. Во училиштето нема програма за работа со надарени деца од причина што во училиштето не се идентификуваат такви ученици. Училиштето организира слободни ученички активности од шесто до деветто одделение, во кои доброволно учествуваат сите заинтересирани ученици, независно од полот или успехот по одделни предмети, а во зависност од нивните афинитети и интереси. На истите наставниците работат најчесто индивидуално според потребите и интересите на учениците. Самостојно и со помош на наставниците учениците изработуваат разни проекти на часовите и дома, во кои се вклучени сите ученици преку групна работа. Учениците во нашето училиште учевствуваат на голем број на општински, регионални, државни натпревари и меѓународни натпревари (кои во изминатите две години се одвиваа онлајн и со намален број поради ситуацијата со ковид пандемијата); приредби организирани во училиштето и надвор од него, учевствуваат на конкурси, изложби, литературни читања. Своите творби ги објавуваат во детските списанија, училишниот весник. За нивните успеси сведочат добиените дипломи, пофалници, книги. Согласно со Законот за Основно образование и Статутот на училиштето, родителот односно старателот на ученикот кој ја повторил годината има право да поднесе приговор до Наставничкиот совет доколку не е задоволен од оценките. На последната родителска средба родители се запознати со овој член од Законот.

Педагошко-психолошката служба прибира податоци за опфатеноста на учениците од 1 одделение, врши проверка на нивните психофизички способности и подготвеноста за запишување во основно училиште.

Училиштето го следи движењето на бројот на ученици. Во нашето училиште нема осипување на учениците, напротив постои интерес за запишување на ученици од други училишта, што се должи на добрата соработка меѓу наставниците и учениците и излегувањето во пресрет на потребите на учениците да го завршат основното образование.

Наставниците разговараат со учениците за начинот на оценување на нивните постигнувања, и редовно ги информираат за нивниот напредок.

**Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Обезбедување со современи наставни средства и помагала;
- Програма за работа со надарени ученици
- Обука за работа со надарени ученици
- Обука на наставниците и ППС за работа со надарени ученици

**5.Подрачје на вреднување:**

## УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО - ЕТОС

Оддели во рамките на подрачјето:

5.1. Училишна клима и односи во училиштето

5.2. Промовирање на постигањата

5.3. Еднаквост и правичност

5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

### 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

| Извори на информации | Добиени информации |
|---|---|
| Интерен правилник за педагошки мерки, пофалби и награди<br><br>Програма за вонннаставни активности<br><br>Статут на училиштето<br><br>Куќен ред, Кодекс на однесување<br><br>Педагошка евиденција во Одделенски книги и дневниците на паралелките<br><br>Записници од родителски средби<br><br>Записник од Совет на родители<br><br>Анкети со наставници, родители, ученици<br><br>Еко-кодекс | Односот меѓу наставниците во нашето училиште се базира на взаемно почитување и професионална соработка меѓу наставниците и учениците придржувајќи се на Куќниот ред и Статутот на училиштето.<br>Односите меѓу учениците од ист или различен пол во нашето училиште се базираат врз взаемно почитување и разбирање. Меѓу учениците постои другарство и соработка.<br>Односите меѓу учениците со различни способности или со различни пречки во развојот се базираат врз взаемно почитување. Постои взаемна помош за време на наставно-образовниот процес, за време на вонннаставните активности, изработка на домашните задачи и друго. По потреба се превземаат соодветни педагошки мерки.<br>Училиштето е отворено за надворешни лица. Се одржуваат наставничко-родителски средби, учество на родителите во Училишниот одбор, Совет на родители, присуство на родителите и лица од локалната самоуправа, како и за меѓуетничка соработка.<br>Учениците и наставниците од двата пола се горди на своето училиште заради: постигнатите резултати во образовниот процес, успеси поединечно по ученик и тимски - спортски, постигнати резултати на општински и републички натпревари, грижа на наставниците и учениците за одржување на училницата, училиштето и училишниот двор. |

### 5.2. Промовирање на постигањата

| | |
|---|---|
| Facebook страната на училиштето | Училиштето ги промовира личните постигања на сите ученици (момчиња и девојчиња), одличните ученици јавно ги пофалува на Наставнички совет, а ги наградува со пофалници и книги учениците со континуирано одличен успех. Еден ученик од деветто одделение се прогласува и за првенец на генерацијата, кој покрај од |

| | |
|---|---|
| Web страната на училиштето<br><br><br>Записник од Наставнички Совет<br><br><br>Програма за дополнителна настава<br><br><br>Дипломи<br><br><br>Награди<br><br><br><br>Признанија<br><br><br><br>Благодарници<br><br><br><br>Брошура<br><br><br><br>Протоколи со законска важност | училиштето, награда добива и од локалната самоуправа.<br>Послабите ученици ги стимулира со дополнителна настава, талентираните со додатна настава. Постигнатите резултати се соопштуваат на наставничко-родителските средби. Учениците изработуваат: проекти, ѕидни весници, паноа и слично кои се истакнуваат во училниците и училишните ходници, како во ЦОУ така и во подрачните училишта.<br>Откако почна пандемијата ова го реализираа само учениците од одделенска настава, од прво до петто одделение, кои учеа со физичко присуство. Учениците од предметна настава учеа online.<br>Училиштето ги промовира постигањата на учениците и преку разни приредби организирани по повод значајни денови: Денот на училиштето, Детската недела, Еко – денови, т.н. Отворен ден и други значајни празници. Личните творби - литературни, ликовни и други се испраќаат и објавуваат во детски списанија, учествуваат со свои творби на разни конкурсии изложби - републички и меѓународни. Се објавуваат и во училишниот весник „Виножито“, кој 2020/21 година заради пандемијата со корона вирусот COVID 19 не го изработивме, но истите ги објавувавме на facebook и на веб-страната од училиштето. Пред пандемијата учествувавме на меѓународните натпревари „Кенгур“, „Дабар“ и „Хипо“, како и општински, регионални и државни натпревари во знаење, разни спортски натпревари и манифестации. Постигнувањата од училиштето се промовира и преку „Брошура за ученици и родители“.<br>Училиштето има демократски избрани: Ученички заедници во паралелките, Ученички парламент на училишно ниво, избор на ученички правобранител, како и два делегати-ученици кои можат да присуствуваат на седниците од наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор, без право на гласање. |

**5.3. Еднаквост и правичност**

| | |
|---|---|
| Записници од Наставнички Совет<br><br>Записник од одделенски совет<br><br>Записници од наставничко-родителски средби<br><br>Одделенски книги<br><br>Записници од Совет на родители<br><br>Прирачник за ОЖВ | Училиштето за да обезбеди еднаквост и правичност кај сите ученици, вклучувајќи ги машките и женските, има подеднаков став за сите ученици, посебно со реализирање на програмата од Образование за животни вештини за време на одделенски часови од страна на раководителите на паралелките, а понекогаш и од педагошко-психолошката служба од училиштето.<br><br>Училиштето овозможува сите ученици да добиваат еднаков третман преку опсервација од страна на наставниците, стручната служба и директорот на училиштето, како и информациите од ученичките заедници.<br>Во училиштето се реализираат содржини за правата на децата, меѓуетничко образование (за прифаќање на мултикултурализмот). |

**5.4.Соработка со родителите и локалната заедница**

| | |
|---|---|
| Предавања од педагошко-психолошката служба<br><br>Предавање за „Пубертет“ кај девојчињата од VI одделение од фирмата „Проктер и Гембл“ | Пред да ги наведеме активностите, соработката со родителите и локалната заедница треба да се напомене дека со пандемијата на корона вирусот Ковид 19 многу од активностите не можеа да се реализираат 2020/21 година. Училиштето ги информира и поттикнува родителите да се вклучуваат во образованието на своите деца и животот во училиштето преку редовните наставничко-родителски средби (кои се реализираа претежно online) и други заеднички активности: Советувалиште за групно советување родители, од страна на училишниот психолог, Совет на родители и преку членовите на родителите во Училишниот одбор, како и од електронските дневници на паралелките.<br>Пред појавата на пандемијата со корона вирусот за подобрување на заедничката соработка со родителите и локалната заедница, имавме и посебна програма.<br>Училиштето соработува со локалната заедница и при нашата приредба по повод Денот на училиштето, |

| | |
|---|---|
| Предавања од Медицински центар | традиционалниот Велигденски панаѓур, учеството на нашите ученици во повеќе културни настани во Прилеп (11 Октомври, Карневалот за Прочка, „Денот на јаболкото“, Хепенинг за детските права во домот на културата „Марко Цепенков“, посета на метеоролошката станица, еколошки активности, посета на Саемот на книга во Скопје, библиотеката „Борка Талески“, ликовната галерија, Завод и Музеј – Прилеп, . Соработка се остварува и преку учествување на посета и интегрирани часови во Спомен-куќата на Блаже Конески во селото Небрегово, поетски средби, ликовна работилница, спортски натпревари, квиз натпревари и други активности по повод Денот на училиштето кога учениците и сите вработени се во улога на домаќини. Претходната учебна година за прв пат се реализира „Отворен ден на училиштето“- online. |
| Фотографии и други видео записи | Училиштето соработува со средните општински училишта кои не посетуваат промовирајќи ги своите училишта, а и преку наша посета кај нив, како и (пред пандемијата) посета на некои организации, со што се олеснува професионалната ориентација на учениците. Училиштето ја збогати својата соработка со други училишта, преку присуство на разни семинари и обуки за наставници за проектот МИМО. На тоа ниво, пред пандемијата, соработката се одвиваше преку одржување на разни спортски, ликовни, литературни натпревари и посета на спомен куќата од Блаже Конески.<br><br>Пред пандемијата соработката со локалната средина ја оствaруваме и со посета на театарски и кино-претстави, разни научни и рекреативни екскурзии и излети.<br>Соработуваме со медицински центар преку редовни стоматолошки прегледи и систематски прегледи на учениците и вработените, како и нивни предавања за учениците и следење на редовното вакцинирање на учениците. |

| **Користени методи за собирање податоци** | **Вклучени во собирање информации** | **Собрани информации** |
|---|---|---|
| Анкета за ученици | Психолог,<br>Наставници,<br>Ученици | Со анкетата за актуелната состојба актуелната во училиштето беа опфатени ученици од селата: Мало Коњари, Големо Коњари, Кадино Село и Славеј.<br><br>Во тврдењето дека во училиштето постои взаемна почит, доверба и разбирање меѓу учениците и вработените. Меѓу вработените во училиштето постои взаемна соработка и почит - тврдат 92% од учениците. 81% од анкетираните ученици знаат дека во училиштето има Кодекс на однесување за ученици, вработени и родители како и тоа дека треба сите да се придржуваат на Куќниот ред и Статутот на училиштето. Учениците сметаат дека нашето училиште има голем углед во селото и околината. Најголем дел од учениците се изјасниле дека во училиштето има дисциплина и учениците учествуваат во донесување на одлуките и решавање на проблемите. За учењето од далечина во учебната 2020/2021 и дел од учебната 2019/2020 им смета најмногу на 66% од анкетираните ученици, кои сметаат дека е штетно врз успехот и нивниот развој. Најголем дел од учениците знаат за „Брошурата за известување ученици и родители“. 83% од анкетираните учениците сметаат дека е исклучително важно тоа што училиштето ги промовира постигнувањата на учениците на: локално, регионално и меѓународно ниво како и тоа дека на демократски начин во училиштето се избира: раководство во паралелките, Ученички парламент, ученик-правобранител на детските права и ученици-делегати кои можат да присуствуваат на состаноците од Наставнички совет, Совет на родители и Училишен одбор. Над 80% се изјасниле дека во училиштето се реализираат содржини од меѓуетничко образование и содржини за правата на децата и дека училиштето има еднакво и правично однесување кон сите ученици |

| | | |
|---|---|---|
| | | според пол и разни способности. Во анкетата 92% учениците истакнале дека се применува Правилникот за педагошки мерки и пофалби. |
| Анкета за родители | Психолог,<br><br>Наставници,<br><br>Ученици<br><br>Помошен персонал | Анкетирани се 14 родители од селата Мало Коњари, Големо Коњари и Славеј, кои се меѓу 30 и 50 годишна возраст претежно со средно образование, чии деца се скоро од сите возрасти. Од одговорите на прашањата од анкетата може да се види следново: Училиштето има голем углед во селото и околината. Родителите сметаат дека во училиштето постои взаемната почит, разбирање и соработка меѓу учениците и вработените и дека тоа е исклучително важно. 86% од анкетираните родители знаат дека во училиштето има Кодекс на однесување за ученици, вработени и родители како и тоа дека сите треба да се придржуваат на Куќниот ред и Статутот на училиштето. 79% од родителите сметаат дека поведението и дисциплината во училиштето е примерно. Дека учениците учествуваат во донесување на одлуките и решавање на проблемите во училиштето се изјасниле над 70% од родителите. Учењето од далечина им смета најмногу на 36% од анкетираните родители, кои сметаат дека е штетно врз успехот и нивниот развој. 64% од родителите се сложуваат дека ова прашање е од исклучително значење за сите. 79% од анкетираните родители, знаат за „Брошура за известување ученици и родители“. Дека училиштето ги промовира постигнувањата на учениците на: локално, регионално и меѓународно ниво позитивно се изјасниле 79% од анкетираните родители. 57% од анкетираните родители знаат дека на демократски начин училиштето има избрано: раководство во паралелките, Ученички парламент на ниво на училиште, ученик-правобранител на детските права и ученици-делегати, кои можат да присуствуваат на состаноците од наставнички совет, Совет на родители и Училишен одбор, без право на гласање. Над 71% од анкетираните родители се изјасниле дека знаат за дека во училиштето се реализираат содржини за |

| | | |
|---|---|---|
| | | правата на децата и содржини од меѓуетничко образование. Најголем дел од родителите сметаат дека е исклучително важно тоа што училиштето има еднакво и правично однесување кон сите ученици- според пол и разни способности. Над 70% од родителите во училиштето знаат дека се применува Правилникот за педагошки мерки и пофалби, а 50% од родителите сметаат дека во училиштето нема закани и навреди меѓу ученици и вработени. Родителите истакнале дека се чувствуваат добредојдени во училиштето. Тие сметаат дека тоа е препознатливо како еко-училиште . На 66% од анкетирните родители наставата од далечина не им одговара, а над 50 % дека тоа е исклучително важно прашање. |
| Анкета за наставници | Психолог,<br><br>Наставници | Од вкупно 20 анкетирани наставници се покажаа следните резулати:<br>Во училиштето постои взаемна почит, доверба и разбирање меѓу учениците и вработените, меѓу вработените во училиштето, како и меѓу учениците сметаат 91% од наставниците. Исто толкав процент од анкетираните наставници знаат дека во училиштето има Кодекс на однесување за ученици, вработени и родителите и дека тоа е исклучително важно, како и сите да се придржуваат на Куќниот ред и Статутот на училиштето. Наставниците сметаат дека нашето училиште има голем углед во селото и околината. Дека учениците учествуваат во донесување на одлуките и решавање на проблемите се изјасниле над 75% од наставниците. Учењето од далечина им смета најмногу на 17% од анкетираните наставници, додека над 75% го одобруваат. Сите наставници знаат дека училиштето секоја година изработува „Брошура за известување ученици и родители“. Дека училиштето ги промовира постигнувањата на учениците на: локално, регионално и меѓународно ниво позитивно се изјасниле 92% од анкетираните наставници. Исто толку знаат дека на демократски начин училиштето има избрано: раководство во паралелките, |

| | | |
|---|---|---|
| | | Ученички парламент на ниво на училиште, како и ученик-правобранител на детските права , како и два ученика-делегати, кои можат да присуствуваат на состаноците од наставнички совет, Совет на родители и Училишен одбор, без право на гласање. Над 92% од анкетираните наставници се изјасниле дека во училиштето се реализираат содржини за правата на децата и дека училиштето има еднакво и правично однесување кон сите ученици-според пол и разни способности. Дека во училиштето се реализираат содржини од меѓуетничко образование се согласуваат над 90% од наставниците и дека во училиштето се применува Правилникот за педагошки мерки и пофалби. Над 83% од анкетираните наставници сметаат дека во училиштето нема закани и навреди на сите нивоа - ученици, вработени. Соработката на училиштето со родителите, кои тука се чувствуваат добредојдени, како и со локалната средина е голема, сметаат над 90% од наставниците. За 92% од наставниците училиштето е препознатливо како еко-училиште. На над 83% од анкетирните наставници наставата од далечина не им претставува проблем. |

**Клучни јаки и слаби страни од подрачјето:**

**УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО - ЕТОС**

- **Клучни јаки страни:**

- Придржувањето кон Кодексот на однесување на сите структури во училиштето: вработени, ученици, родители, Куќниот ред, Статутот и Протоколите со законска важност за учење при пандемија со корона вирусот.
- Училиштето е секогаш отворено за соработка со родителите и потребите на учениците.
- Училиштето ги промовира постигнувањата на учениците.
- Учениците постигнуваат добри резултати на натпреварите.
- Во училиштето на демократски начин се одбираат: Ученички заедници во паралелките, Ученички парламент на училишно ниво, ученик правобранител, два ученика делегати за Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор(без право на гласање).

- **Слабости:**

- Немање на соодветни кабинети
- Недостаток на современи нагледни средства и помагала
- Недоволна соработка со локалните стопански организации
- Недоволно еко-активности, со акцент на вклучување на локалната средина

## РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО – ЕТОС

Односот меѓу вработените во нашето училиште се базира на взаемно почитување и професионална соработка. Исто така, взаемно почитување и коректно однесување постои меѓу вработените и учениците, како и вработените и родителите. Односите меѓу учениците од ист или различен пол во нашето училиште се базираат врз взаемно почитување и разбирање. Меѓу учениците постои другарство, пријателство и соученишство. Поведението, редовноста и дисциплината во училиштето задоволуваат, а кога има потреба се превземаат соодветни педагошки мерки. Училиштето е отворено за соработка со надворешни лица и локалната заедница.

Училиштето води политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и национално ниво. Училиштето ги промовира личните постигања на сите ученици. Одличните ученици јавно ги пофалува на Наставнички совет, со пофалници за тие со континуирано одличен успех, а на крајотод учебната година избира првенец на генерацијата од деветто одделение. Послабите по успех ученици ги стимулира со дополнителна настава, а учениците со подобар успех и лични афинитети одат на додатна настава. Постигнатите резултати се соопштуваат на наставничко - родителските средби, на Совет на родители, на Училишен одбор и на седниците во локалната самоуправа, на веб страната од училиштето, преку училишниот весник, а разните изработки од учениците ги красат училниците и училишните холови. Училиштето им помага на наставниците преку предавања на ниво на стручни активи и разни дисеминации, како и овозможување на учество во разни семинари, online вебинари и обуки, како и други едукативни средби надвор од училиштето. Училиштето овозможува сите ученици да добиваат еднаков третман и има демократски избор на учениците претставници од паралелките, на ниво на училиште-Ученички парламент, ученички правобранител, два делегати за на Наставнички совет, Совет на родители и Училишен одбор.

Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучуваат во образованието на своите деца и животот во училиштето, како и преку: предавања на наставничко - родителски средби, запознавање со успехот на учениците преку електронскиот дневник и евидентните листови, преку Совет на родители и преку членовите на родителите во Училишниот одбор.

Училиштето соработува со локалната заедница на разни начини прифаќајќи и промовирајќи мултикултурализам.

**Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Едукација на наставници за работа со деца со посебни образовни потреби и талентирани ученици, работа во комбинирани паралелки
-
- Поголема соработка со локалните заедница и невладиниот сектор, учество во јавната и културната дејност на градот
- Зголемување на соработката со родителите
- Соработка со други училишта и со училишта од мешан етнички состав
- Повеќе еко-активности, со акцент на вклучување на локалната средина и активирање на еко-патролите.
- Обезбедување образовни асистенти за учениците со пречки во развојот.

# 6.Подрачје на вреднување: РЕСУРСИ

Оддели во рамките на подрачјето:

6.1.Сместување и просторни капацитети

6.2.Наставни средства и материјали

6.3.Персонал

6.4.Развој на персоналот

6.5.Финансиско работење на училиштето

## 6.1. Сместување и просторни капацитети

| Извори на информации | Добиени информации |
|---|---|
| | Во составот на централното училиште во село Мало Коњари работат и две подрачни училишта во селата Големо Коњари и Кадино Село.<br><br>Централното училиште работи во две смени со вкупно 11 паралелки ( 1-9 одд.) од кои 8 во прва смена и 3 паралелки во втора смена. Училиштето располага со 17 простории за учениците. Од нив 8 се училници прилагодени во кабинети по предмети и 9 училници за одделенска настава (вкупно во трите згради), по една канцеларија за наставниот кадар во трите згради, една канцеларија за директорот, една канцеларија за педагогот (психолог) и секретар – благајник.<br><br>Во Централното училиште сите кабинети се опремена со компјутери, кои ги користат наставниците за потребите во наставата. Кабинетот по музичко образование исто така може да се користи и како медијатека, бидејќи делумно е опремен со соодветна опрема. Во училиштето има и просторија која служи како библиотека, а во неа се чува и друг наставен материјал. Во централното основно училиште има сала за спорт и спортски активности која се користи за часовите по физичко образование, една помошна просторија за помошниот персонал, помошни простории во кои се сместуваат дрвата за огрев и два ходници. Санитарните простории се сместени внатре во училишната зграда. Кабинетска настава се изведува по сите предмети. Наставата по физичко и здравствено образование се изведува во реновирана фискултурна сала, со доградени соблекувални за учениците. Имајќи го во предвид бројот на учениците и бројот на паралелките, како и просториите со кои располага училиштето, искористеноста на просторните капацитети е максимална. |

## 6.2. Наставни средства и материјали

| Извори на информации | Добиени информации |
|---|---|
| Документи за попис на училишниот инвентар<br><br>Картотека на училишната библиотека | Капацитетите на просториите се скромни, но се максимално искористени за реализација на наставата. Сите простории можат да се користат од страна на вработените во училиштето. Санитарните простории ги задоволуваат стандардите за хигиена за потребите на вработените и учениците. Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала, кои делумно соодветствуваат со современите наставни текови.<br>Училишната библиотека располага со фонд од околу 3000 книги и за работа со истата има одредено наставници кои водат соодветна евиденција и документација при издавањето на учениците. Библиотеката е сместена во посебна просторија во Централното училиште. Училиштето располага со извесен фонд на ученичка лектира која е надополнета со купени нови лектирни изданија икниги од градската библиотека. Постои фонд на стручни материјали, стручни списанија, аудио – касети и цедиња (музички и за странски јазици) и грамофонски плочи. Минатата учебна година добивме книги од градската библиотека од Прилеп „Борка Талески". И во подрачните училишта има одреден фонд на лектирни изданија; обновени минатата учебна година, и стручна литература.<br>Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и материјали на наставничките и одделенските совети, така што секој наставник ги излага потребите од нив за својот предмет<br>Училиштето со потрошен материјал се снабдува по тендер од одобрените средства од страна на Министерството за образование и наука. Потрошни материјали (креди бели и во боја, стручна литература, пенкала, моливи, тетратки, аудио и видео материали, хамери и хартија за печатење на разни тестовии други |

| | |
|---|---|
| Документи (сметкопотврди) за набавка на потрошен материјал<br><br>Извештаи од наставничките совети<br><br>Извештај од комисијата за јавни набавки | материјали при реализација на наставните планови и програми, тематските и дневните планирања) се набавуваат од страна на училиштето и ги има во доволна количина.<br>Во училиштето набавивме една смарт табла за реализирање квалитетна настава.<br>Мандатот на Комисијата за јавни набавки трае 2 учебни години, што е во согласност со Законот за јавни набавки на РМ. Таа се грижи за набавка на наставните материјали, за нивно ефикасно, ефективно и рационално користење во училиштето. |

## 6.4. Персонал, развој на персоналот

| Извори на информации | Добиени информации |
|---|---|
| Документација која ја води благајникот-секретар (листа на вработени, формулари за пензиско и здраствено осигурување).<br><br>Годишната програма за работа на училиштето | ООУ„Страшо Пинџур“ има изработено систематизација на работните места и според таа систематизација пополнети се сите работни места. Број на вработени 33 од кои машки се 9, а женски се 24. Наставниот кадар кој се состои од 26 наставници - од кои мажи се 5, а жени се 21, е квалификуван, стручен и одговара на работните задачи кои му се поставени. Стручни соработници - 1, административни работници-1, техничка служба - 4, директор-1. Наставниот кадар е поделен на две групи: 15 наставници во предметна настава од 5-9 одделение и 9 наставници во одделенска настава со напомена дека и дел од предметните наставници држат часови во одделенска настава.<br><br>Наставниот кадар е од македонско етничко потекло.<br><br>Во ООУ„Страшо Пинџур“ дополнуваат и наставници од други училишта од општината, а неколку наши наставници дополнуваат во други училишта.<br><br>Наставниот кадар е со различно работно |

| | |
|---|---|
| | искуство кое варира од наставници-приправници до наставници кои се пред пензионирање. Во училиштето нема наставници кои се квалификувани за работа со деца со посебни потреби. Во училиштето вработен е директор, психолог, секретар-благајник и четворица помошни работници. |

### 6.5. Финансиско работење на училиштето

| Извори на информации | Добиени информации |
|---|---|
| Документација за финансиското работење на училиштето која ја води благајникот-секретар.<br><br>Извештај за плати, документација која ја води благајникот-секретар. | Училиштето се финансира преку МОН, одредени невладини организации, Локалната самоуправа. За училишниот буџет се информирани сите вработени на наставничките совети, родителите преку Училишниот Одбор, локалната заедница преку претставници од Локалната самоуправа и претставници на МОН, секретарот на нашето училиште.<br>Документацијата за буџетот и неговото распределување им е достапна на сите заинтересирани субјекти кои се дел од образовниот процес.<br>Училиштето поднесува барање за исплата на плата и патни трошоци за потребниот месец. |

| Користени методи за собирање на податоци | Вклучени во собирање на овие информации | Собрани информации |
|---|---|---|
| Разговор со директорот, записник кој го води директорот. | Работна група: Марина Рунеска, ЈасминаИваноска, Марија Ристеска | Наставниците се распоредени на работните места според нивната стручност и сите предмети стручно се застапени. Во случај на подолго отсуство на наставник се врши замена со други наставници кои се на располагање на агенцијата за вработување.<br>Персоналот во нашето училиште редовно е присутен на работа. За присутноста на вработените се грижи директорот и дежурниот наставник кој е одговорен за непречено одвивање на наставата во отсуство на директорот.<br>Раководството во нашето училиште води стратегија за вработување на наставници со повисок степен на образование. Персоналот кој што има повисок степен на образование, секогаш им излегува во пресрет и им помага на оние кои што имаат понизок степен на образование при решавање на проблемите со кои се судруваат.<br>Во согласност со законот за работни односи, директорот им одобрува на вработените користење на слободни денови (свадба, смртен случај, доедукација) |
| | | Училиштето ја почитува законската регулатива за професионалниот развој на наставниот кадар. Наставниците присуствуваат на стручни семинари и обуки, кои ги организира БРО и МОН, а |

| | | |
|---|---|---|
| Интервју со наставниците | Работна група: Марина Рунеска, ЈасминаИваноска Марија Ристеска | индивидуално секој наставник се надоградува преку посета на семинари, обуки, конференции, вебинари, следење на стручна литература со најнови информации, користење на интернет. |
| Интервју со наставник-ментор и наставник-приправник | Работна група: Марина Рунеска, ЈасминаИваноска Марија Ристеска | Училиштето назначува наставник-ментор по избор на Наставничкиот совет и на наставникот-приправник, кој ја следи неговата работа во текот на една учебна година, му помага во реализацијата на наставата, на крајот дава стручно мислење за подготвеноста за работа во настава и го подготвува за стручниот и приправничкиот испит. Наставниците-приправници имаат изработено програма за работа, а исто така и нивните ментори имаат изработено менторска програма. |
| Прашалник за ученици | Работна група: Марина Рунеска, ЈасминаИваноска Марија Ристеска<br><br>Училишен психолог | Беа анкетирани 18 ученици од 2-9 одд.од селата Мало и Големо Коњари, како и од Кадино Село, со добар, многу добар и одличен успех.<br>100% од учениците се изјасниле дека училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава. Исто така сите се задоволни од пријатните просторни услови за одвивање на наставни и воннаставни активности. Сите анкетирани се согласуваат дека училиштето максимално ги користи училишните капацитети кои се пристапни за секого. 60% од анкетираните ученици знаат дека училиштето располага со разновидна стручна литература и наставни средства. 80% се согласуваат дека наставата е збогатена со ИКТ технологија и дека училиштето има |

| | | |
|---|---|---|
| | | пристап до интернет. 60% од учениците сметат дека училишната библиотека располага со доволен број лектири за сите ученици, потребна литература за мултикултура и екологија и дека располага со компјутер и има пристап до интернет. Најголем дел од учениците се согласуваат дека училиштето навреме се снабдува со потрошен материјал. 80% од анкетираните сметаат дека стручната служба им помага на учениците, родителите, наставниците. Исто толкав процент од анкетираните ученици сметаат дека наставниците, стручните сорботници и директорот на училиштето тежнеат кон самоусовршување за својата работа. 80% од анкетираните ученици претпоставуваат дека училиштето дава извештаи за своето финансиско работење. |
| Прашалник за родители | Училишниот психолог и работна група: Марина Рунеска, ЈасминаИваноска Марија Ристеска | Од 18 анкетирани родители со нееднаква полова застапеност, од Мало и Големо Коњари, Кадино Село и Славеј, чии деца се од сите одделенија, добиени се следниве резултати по истите области како и за учениците: Над 90% од анкетираните се изјаснија дека училишниот простор ги задоволува потребите за изведување на настава и воннаставни активности и дека училиштето е пристапно за секого. Над 70% од анкетираните родители се изјасниле дека училиштето располага со разновидна стручна литература и наставни средства, дека наставата е збогатена со ИКТ технологија и дека училиштето има пристап до интернет. Над 70% од родителите сметат дека училишната библиотека располага со |

| | | |
|---|---|---|
| | | доволен број лектири за сите ученици, потребна литература за мултикултура и екологија, компјутер и дека има пристап до интернет. 70% се согласуваат дека училиштето навреме се снабдува со потрошен материјал. Над 80% од анкетираните сметаат дека училиштето има обезбедено доволен број наставници и тоа дека е од исклучителна важност да има обучен кадар за работа со деца со пречки во развојот и учењето. Родителите се задоволни од тоа како стручната служба им помага на учениците, родителите, наставниците и сметаат дека наставниците, стручните сорботници и директорот на училиштето тежнеат кон самоусовршување за својата работа. Повеќе од 70% од анкетираните родители се известени дека училиштето дава извештаи за своето финансиско работење на Училишен одбор, Совет на родители... |
| Прашалник за наставници | Училишниот психолог и работна група: Марина Рунеска, ЈасминаИваноска Марија Ристеска | На анкетата се одзваа 18 наставници. И во овај прашалник беа застапени истите области како и за ученици и родители. Над 90% од анкетираните наставници се изјаснија дека училишниот простор ги задоволува потребите за изведување на настава и вонннаставни активности и дека училиштето е пристапно за секого. Во училиштето нема просторија за релаксација, посебно за учениците со попреченост. 90% од анкетираните наставници се изјасниле дека училиштето располага со разновидна стручна литература и наставни средства. Сите се согласуваат дека |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставата е збогатена со ИКТ технологија и дека училиштето има пристап до интернет. 90% од наставниците сметат дека училишната библиотека располага со доволен број лектири за сите ученици. Над 50% од наставниците сметаат дека е исклучително важно училишната библиотека да располага со компјутер и да има пристап до интернет. 80% се согласуваат дека училиштето навреме се снабдува со потрошен материјал.<br>Наставници сметаат дека училиштето има обезбедено доволен број наставници и дека е исклучително важно да има обучен кадар за работа со деца со пречки во развојот и учењето.<br>90% од анкетираните сметаат дека стручната служба им помага на учениците, родителите, наставниците.<br>Наставниците, стручните сорботници и директорот на училиштето тежнеат кон постојано самоусовршување за својата работа. Над 90% од анкетираните наставници се известени дека училиштето дава извештаи за своето финансиско работење на Училишен одбор, Совет на родители.. |

**Клучни јаки и слаби страни од подрачјето: РЕСУРСИ**

**Клучни јаки страни:**

- Примена на достапните техники и ресурси за успешна реализација на наставните содржини.
- Постои заемна соработка на ниво на стручни активи.
- Учество на многубројни натпревари каде учениците се докажале каде освоиле
- Бројни награди на општински и државни натпревари.
- Наставниците секогаш ги посетуваат семинарите и обуките за стручно усовршување.
- Соработката помеѓу наставниците е добра.
- Различните искуства на наставниците се надополнуваат за поуспешно совладување на проблемите кои се јавуваат во текот на работењето

**Слаби страни :**

- Наставниците и стручните соработници имааат дополнителна потреба од материјални ресурси за работа со ученици со посебни потреби
- Недостаток од современи наставни помагала во училниците
- Недостигот на училници за одржување на дополнителните и слободните ученички активности.
- Делумно задоволуваат нагледните средства по сите предмети, недостигот на стручна литература по сите предмети.
- Делумно задоволувачки библиотечен фонд.
- Немање простор за престој на помошниот персонал во централното и подрачните училишта.
- Фискултурната сала нема во подрачното училиште во с. Големо Коњари.
- Недостиг од простор за одржување на приредби и промовирање на постигањата на учениците

## РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО РЕСУРСИ

Нашето училиште се наоѓа во с.Мало Коњари со две подрачни училишта во Големо Коњари и Кадино Село. Работи во две смени: претпладневна смена од 6-9 одд. и две паралелки во попладневна смена.

Училишната зграда ги обезбедува задоволителните услови за работа. Има делумен капацитет и можности за одржување на кабинетска настава и вон-наставни активности. Надгледни средства и помагала нема во доволен број за да ги задоволат потребите за реализирање на наставата по сите предмети. Библиотечниот фонд делумно задоволува, недосига стручна литература.

Наставниот кадар има соодветна стручна подготвеност со различно работно искуство (наставници-почетници со неколку години искуство и наставници со долгогодишно искуство). Наставниците редовно ги посетуваат семинарите, работилниците за стручно усовршување.

Наставниците-приправници добиваат помош од наставникот-ментор кои сами го избираат. Наставникот-ментор мора да има повекегодишно искуство, да е стручен и компетентен. Наставникот-ментор изработува програма за работа на наставникот-приправник, му помага во реализацијата на наставата во текот на една учебна година, дава мислење за неговиот напредок и го подготвува за полагање на сручниот испит.

Финансиското работење во нашето училиште е во рамките на законските прописи, што се докажува преку извештаите од испекциските служби на Министерството за финансии и МОН. За финансиското работење на училиштето се информирани родителите и локалната заедница преку состаноците на Училишниот Одбор и Советот на родители, кои имаат увид во буџетот на училиштето.

**Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Подобрување на просторните услови во училиштето за поуспешно реализирање на наставните планови и програми;
- Перманетно стручно усовршување на наставниот кадар за вклучување во проекти од Еразмус + и други проекти ;
- Оспособување на секој наставник за изготвување на ИОП за деца со ПОП и за деца со потешкотии во учењето;
- Соодветна едукација на наставниот кадар за инклузивно образование и е-учење;
- Обука на наставниците за работа со смарт табла;

**Подрачје на вреднување:**

## 7. РАКОВОДСТВО И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

Оддели во рамките на подрачјето:

7.1. Раководење на училиштето

7.2. Цели и креирање на училишната политика

7.3. Развојно планирање

## 7.1.Раководење на училиштето

| Извори на информации | Добиени информации |
|---|---|
| Статут на училиштето<br><br>Годишна програма за работа на училиштето<br><br>Записничка книга од Состаноци на Училишниот одбор<br><br>Закон за основно образование - бр.161/19<br><br>Записничка книга од наставнички совет<br><br>Одлуки и извештаи од Училишен одбор<br><br>Програма за работа на директорот<br><br>Анкета со наставници, ученици и родители | Во училиштето орган на управување е Училишниот одбор кој според Законот за основно образование и според Статутот на училиштето е составен од 7 члена: тројца претставници од наставниците, стручните соработници и воспитувачите од училиштето, тројца преставници од родителите, односно старителите на учениците и еден претставник од основачот. и, од локалната самоуправа, претставници од Советот на родители, претставник од Министерство на образование. Претседателот на Училишниот одбор редовно свикува состаноци. Во текот на минатата учебна година поради пандемијата со COVID 19 поголем број од состанците се одржале ONLINE. Присуството на состаноците е на високо ниво. Членовите се известуваат писмено, со покани и по електронски пат најмалку два дена пред одржување на состаноците. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. Училишниот одбор има воспоставено партнерски односи со раководниот орган на училиштето и други образовни структури.<br>Со родителите и Советот на родители комуницираат претставниците во Училишниот одбор додека членовите од Локална самоуправа и од МОН комуницираат со институциите кои ги предложиле. Советот на родители брои 17 члена и во него членуваат родители од централното и подрачните училишта. Состаноците на Училишен одбор се одржуваат секогаш со скоро стопроцентно мнозинство од членовите. Поради тоа нема одложено состаноци. За одлуките донесени на Училишниот одбор, вработените и сите заинтересирани субјекти се информираат преку огласната табла, електронска пошта и извештаи за работа на училиштето во календарската година. За |

| | |
|---|---|
| | донесените одлуки и заклучоци од Училишниот одбор директорот на секоја наредна седница го известува Училишниот одбор за нивното спроведување. Училишниот одбор активно соработува со просветниот инспекторат (општински и државен), Биро за развој на образование и со Комисијата за образование при Советот на општина Прилеп. Раководниот орган постојано ја поттикнува, развива и следи тимската работа. Донесува праведни и одговорни одлуки и има професионален однос кон работата која се заснова на најнови вештини и има способност да комуницира со учениците, вработените и родителите. Иницира и успешно спроведува промени во работењето на училиштето и во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и постојано подобрување на целосната слика на училиштето. Успешно и продуктивно остварува партнерства со градоначалникот, локалната заедница, невладиниот сектор и други институции кои се поврзани со работата на училиштето.<br><br>Во нашето училиште раководи директор кој на ова работно место е прв мандат, со претходно работно искуство како наставник во одделенска настава. Директорот досега има посетено голем број на обуки и курсеви кои се пропишани со новите услови од законот, наменети за оваа функција. Во процесот на раководење професионална помош има од стручните соработници, психологот и педагогот.<br><br>Законот за основно образование и Статутот на училиштето јасно ги дефинираат надлежностите на раководење, управување и надлежностите на административно-техничкиот персонал. Соработката на раководниот тим со сите субјекти во училиштето е на задоволително ниво, таа е секојдневна честопати и неформална. Се одржуваат и состаноци на кои се изнесуваат потребите, проблемите, барањата и мислењата на сите вработени.<br>Со состаноците раководи директорот, а на |

| | |
|---|---|
| | состаноците задолжително присуствуваат сите наставници и стручниот соработник. Се води сметка за наставниците од подрачните училишта за тоа кога и како можат да присуствуваат на состаноците. |

### 7.2. Цели и креирање на училишната политика

| Извори на информации | Добиени информации |
|---|---|
| Годишната програма за работа на училиштето<br><br>Програма за развој на училиштето<br><br>Записници од наставнички совет<br><br>Записници од совет на родители<br><br>Записници од дневници за работа<br><br>Записничка книга на Училишниот одбор<br><br>Анкета со наставници, ученици и родители | Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се јасни и се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и подобрувања на постигањата на учениците. Во креирањето на училишната политика учествуваат: директорот, стручниот соработник, Училишниот одбор, Советот на родители. Со креираната политика запознаени се: наставниците, учениците, родителите и локалната средина.. Училиштето ги запознава со нивното остварување и подобрување, но исто така и ги мобилизира да работат на остварување на целите, земајќи ги секогаш во предвид мислењата на родителите и учениците. Училиштето држи до својот рејтинг и има сопствен белег. Наставниците и родителите се задоволни од рејтингот на училиштето во градот и на пошироко ниво.. Истиот на најдобар начин се отсликува преку политиката која ја води.<br>Во училиштето се гради и потикнува здрава училишна клима. За таа цел училиштето има куќен ред во кој се соодржани правата и обврските на учениците во поглед на дисциплината, редовноста, пристојно облекување, чување на инвентароти техниката во кабинетите, правила на однесување и надвор од училиштето. За учениците кои не ги почитуваат правилата на куќниот ред, се применуваат педагошки мерки предвидени со Законот за основно образование. Информациите за тоа наставниците најчесто ги добиваат на наставнички совет, родителите на општите |

| | |
|---|---|
| Закон за основно образование<br><br>Статут на училиштето;<br><br>Годишен извештај за работа на училиштето;<br><br>Интерен Правилник за изрекување на педагошки мерки; | родителски средби, а учениците на одделенски час или на состаноците на одделенската заедница.<br>Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика и тие се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици. Целите се имплементирани во Програмата за развој и годишните програми.<br>-Поддршка на професионален развој,<br>-Промовирање на успехот,<br>-Квалитетно учење и поучување,<br>-Максимално искористување на сите расположиви ресурси,<br>-Градење на клима на взаемна доверба и соработка,<br>-Поддршка и помош во општостручно усовршување на наставниците,<br>-Зајакнување на капацитетите на стручните активи и непосредно вклучување во подготвувањето на сите видови на настава,<br>-Непосредна подготовка на наставниците во изборот на целите и задачите во остварување на одделни наставни теми и единици,<br>-Планирање и програмирање на стручно усовршување на наставници,<br>-Соработка и непосредно учество во работата на тимовите во училиштето,<br>-Учество на семинари, советувања и други форми на стручно усовршување на наставно-воспитниот кадар<br>-Пронаоѓање на примена на форми и средства за мотивација на ученици со негативни оценки ,<br>-Предлагање на форми и методи за организација на дополнителната настава,<br>-Воведување индивидуализирани форми на работа,<br>-Предлагање и воведување на нови мерни инструменти во наставата за оценување на учениците,<br>-Дидактичка методска помош на наставници – почетници,<br>-Реализирање на интерни едукации,<br>-Работа и договор со одд. раководители кога се во |

| | |
|---|---|
| | прашање ученици кај кои се јавуваат проблеми во учењето и поведението,<br>-Подобрување на квалитетот на наставата,<br>-Следење на ефективноста на новите форми на работа,<br>-Мотивацијата на учениците за работа и учење,<br>-Развивање на инструменти за вреднување и самовреднување на работата на наставникот, како и помош во изготвување на инструменти за оценување на учениците,<br>-Следење и анализа на успехот на учениците. |

### 7.3. Развојно планирање

| **Извори на информации** | **Добиени информации** |
|---|---|
| Годишна програма за работа на училиштето<br><br>Програма за развој на училиштето<br><br>План за евалуација<br><br>Анкети со ученици<br><br>Анкети со наставници,<br><br>Анкети со родители<br><br>Финансов план на училиштето | Во интерес на реализирање на поставените цели за развој на училиштето се определени задачите, активностите, одговорните лица и временската рамка за нивна реализација. Во планот за евалуација се определени критериумите, инструментите, динамиката и носителите на активности со кои се следи успешноста на реализирање на поставените цели. Училиштето преку редовно одржување на состаноци со совети на родители, родителски средби и наставнички совет ги запознава сите заинтересирани субјекти за реализација на поставените цели земајќи ги притоа во предвид нивните предлози и ставови. Училиштето континуирано обезбедува средства за обука на наставниот и не наставниот кадар. Училиштето континуирано ги следи потребите од материјално-технички средства и редовно обезбедува материјални средства.<br>Училиштето на учениците им дава морална и материјална подршка. Моралната подршка се реализира преку разработен систем на соодветна работа во која се вклучени стручните соработници, наставниците, одделенскиот раководител, родителите, а по потреба се вклучуваат и соодветни институции. (Социјални грижи и друго). |

| | |
|---|---|
| Годишен план за јавни набавки<br><br>Програмата за развој на училиштето<br><br>Годишен извештај за работа на училиштето;<br><br>Дневник за работа на училишниот психолог и педагог;<br><br>Извештаи од интегралната евалуацијата;<br><br>Пописни листи; | Здравствената заштита се реализира преку организирани систематски прегледи, предавања од стручни лица.<br>Наставниците водат сметка за различните способности на нашите ученици. Затоа се практикува индивидуална работа со учениците, особено со учениците со посебни образовни потреби за кои се изработуваат и соодветни програми за работа. Материјалната подршка се реализира преку одговорни наставници и ученици од организацијата на подмладокот на Црвениот крст во училиштето, донации од родители и организирање на велигденски панаѓур и др.<br>Се планираат часови за додатна, дополнителна, слободни ученички активности, организирање на работилници како и организирани посети на места кои се соодветни за поттикнување и развој на индивидуалните способности на учениците.<br>Наставата се изведува на македонски јазик за сите ученици. Првиот странски јазик почнуваат да го изучуваат во уште од 1 одделение, а вториот во 6 одделение. Прв странски јазик е англискиот, а втор францускиот јазик.<br>Наставата во училиштето се изведува на македонски јазик. Годишното планирање го организира и реализира стручен тим составен од директор, стручни соработници, претседатели на стручни активи. Изработен е развоен план за училиштето за период од 4 години. Планирањето се базира на годишните извештаи ,анкети и искувства од претходните години бидејќи тие се добра основа на податоци за планирање во наредниот период. При планирањето, се опфаќаат и потребите на подрачните училишта преку консултации со наставниците кои работат во тие училишта и претставниците на советот на родители во однос на нивните потреби и идеи за развој на училиштето. На крајот на учебната година се врши евалуација на реализацијата на Годишната програма на училиштето, се изготвува извештај за работа на |

| | |
|---|---|
| | училиштето , се предлагаат приоритети за наредната учебна година. Исто така претседателите на стручните активи добиваат задолженија да направат приоритетни листи на потреби во рамките на својот актив додека подрачните училишта ги истакнуваат приоритетите од подрачните училишта и врз основа на добиените податоци се изработува реално остварливо планирање за наредната тековна година. Со аналитички приод од предходни резултати, годишното планирање се изведува со приоритети за наредната учебна година, извештајот за работа од претходната учебна година, националната стратегија за развој на образованието како и концепцијата за деветгодишно образование. Според нив се врши реално планирање за наредната учебна година. Подрачните училишта се опфатени во планирањето врз основа на приоритетите на подрачните училишта. Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Составен дел во реализација на наставата е образовната технологија. Училиштето има воспоставена соработка со локалната самоуправа и заедница во однос на подобрување на инфраструктурата. Училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување и современување на инфраструктурата на училиштето. |

| Користени методи за собирање на податоци | Вклучени во собирање на овие информации | Собрани информации |
|---|---|---|
| Прашалник за ученици | Стручна служба<br><br>Наставници<br><br>Ученици | Со анкетата беа опфатени 16 ученици (од Мало и Големо Коњари, Кадино Село и Славеј; со добар, многу добар и одличен успех, од четврто до деветто одделение).<br><br>Поголемиот дел од анкетирани ученици знаат дека орган на управување е Училишниот одбор и дека работи по своја програма. Тој има воспоставено партнерски однос со раководниот орган. Училиштето обезбедува обука за вработените за работата на Училишниот одбор. Според 67% од учениците Училишниот одбор активно учествува во креирањето на еколошката политика. Според 83% од учениците Училишниот одбор гради политика на Меѓуетничка интеграција на младите во образованието. 83% од учениците знаат дека орган на раководење е директорот на училиштето. Сите се убедени дека директорот иницира и успешно раководи со училиштето, дека во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и своето работење го заснова врз тимска работа. Сите анкетирани ученици знаат дека раководниот орган ги поддржува реализирањата на еколошката програма, инклузивноста на учениците и меѓуетничката интеграција во образованието. Целите на училишната политика според 83% од учениците се во склад со целите на државната и на локалната обрзовна политика. 50% од анкетираните сметаат дека вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на целите и вредностите на училиштето. Над |

| | | |
|---|---|---|
| | | 80% од учениците знаат дека училиштето соработува со соодветни институции за остварување на своите цели. За развојното планирање, сите ученици знаат дека: Целите се прецизни и јасни и ги отсликуваат: мисијата, визијата и вредностите на училиштето, дека во нив се вметнати меѓуетничката заложба на училиштето, дека училиштето ги информира учениците, родителите и секаде каде е потребно, за поставените цели и нивното реализирање. Училиштето има воспоствено успешна соработка со локалната самоуправа. Над 80% од учениците се согласуваат дека училиштето обезбедува услови за изведување на наставата според потребите на сите ученици.<br><br>Половина од анкетираните знаат дека училиштето се грижи за професионалниот развој и стручно усовршување на вработените, како и за обновување на материјално-техничките средства при што континуирно го ревидира планот за осовременување на условите обезбедувајќи сопствени средства и средства од донатори. |
| Анкета за родители | Стручна служба<br><br>Наставници<br><br>Родители | Со анкетата беа опфатени 16 родители од Мало и Големо Коњари, Кадино Село и Славеј; на возраст од 30-50 години, чии деца се од сите возрасти.<br><br>91% од анкетираните родители знаат дека орган на управување е Училишниот одбор и дека работи по своја програма. Според 85% од родителите тој има воспоставено партнерски однос со раководниот орган. Училиштето обезбедува обука за вработените за работата на Училишниот |

| | | |
|---|---|---|
| | | одбор. Според 84% од родителите Училишниот одбор активно учествува во креирањето на политика за еколошка едукација и заштита на животната средина. Според 92% од родителите Училишниот одбор гради политика на Меѓуетничка интеграција на младите во образованието и се залага за политика на инклузивност во училиштето. 77% од родителите знаат дека орган на раководење е директорот на училиштето. 54% се убедени дека директорот иницира стратешка определба, заснована на јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. 69% од анкетирани родители знаат дека раководниот орган знае да ги промовира добрите практики кои постојат во училиштето и дека раководниот орган донесува одговорни одлуки и има изградено личен професионален однос во работата што се заснова врз најнови знаења и вештини. Над 90% од анкетираните се уверени дека тој иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем, дека во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето, дека своето работење го заснова на тимска работа. Тие веруваат дека директорот го поддржува реализирањето на еколошките содржини и спроведува училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција на младите во обрзованието.Голем дел од анкетираните родители знаат дека училиштето соработува со соодветни институции за остварување на своите цели. За развојното планирање, 85% од родителите знаат дека: целите се прецизни |

| | | |
|---|---|---|
| | | и јасно ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и во нив се вметнати меѓуетничката заложба на училиштето. Училиштето ги информира учениците и родителите за поставените цели и нивното реализирање. Училиштето има воспоствено успешна соработка со локалната самоуправа. Над 69% од родителите се согласуваат дека училиштето обезбедува услови за изведување на наставата според потребите на сите ученици. Сите анкетирани родители знаат дека училиштето се грижи за професионалниот развој и стручно усовршување на вработените како и за обновување на материјално-техничките средства при што континуирно го ревидира планот за осовременување на условите, обезбедувајќи сопствени средства и средства од донатори. |
| Прашалник за наставници | Стручна служба<br><br>Наставници | На анкетата се одзваа 20 наставници. Од анкетираните 27% се со вишо образование, а останатите со високо образование. Сите наставници знаат дека орган на управување е Училишниот одбор и дека работи по своја програма. Училиштето обезбедува обука за вработените за работата на Училишниот одбор. Над 90% од наставниците мислат дека Училишниот одбор активно учествува во креирањето на политика за еколошка едукација и заштита на животната средина. Според 90% од наставниците, Училишниот одбор гради политика на Меѓуетничка интеграција на младите во образованието и се залага за политика на инклузивност во училиштето. Над 72% од наставниците знаат дека на состаноците од Училишниот одбор може да присуствуваат и ученици – делегати |

| | | |
|---|---|---|
| | | без право на гласање. 100% од наставниците знаат дека орган на раководење е директорот на училиштето. Сите се убедени дека директорот иницира стратешка определба, заснована на јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето, дека знае како да го вреднува придонесот на сите во училиштето, дека знае да ги промовира добрите практики кои постојат во училиштето. Исто така, сите се согласуваат дека директорот има одговорна улога и има изградено личен став заснован на најнови знаења и вештини. Тој во центарот на своето работење ги става постигнувањето на учениците и подобрувањето на училиштето и знае да го вреднува придонесот на сите во училиштето. Сите анкетирани наставници знаат дека училиштето се грижи за професионалниот развој и стручно усовршување на вработените, како и за обновување на материјално-техничките средства при што континуирно го ревидира планот за осовременување на условите, обезбедувајќи сопствени средства и средства од донатори. |
| Закон за основно образование<br><br>Програма за Совет на | Претседател на Совет на родители<br><br>Директор | Во училиштето се формира Совет на родители кој се избира од редот на родителите кои не се вработени во училиштето, како претставник од секоја паралелка и има право да биде член додека тука учи неговото дете. Тој ја следи воспитно образовната работа во училиштето, дава свои предлози и мислења за унапредување на воспитно образовната работа, дава предлози за надминување на |

| | | |
|---|---|---|
| родители<br><br>Записници од Совет на родители | Стручни соработници | проблемите кои се јавуваат на релација ученици - наставници-родители, зазема ставови и активно учествува во совладувањето на проблемите и во спречување на негативните појави. Двајца претставници од Советот на родители се членови на Училишниот одбор.<br><br>На дел од состаноците на Советот на родители можат да присуствуваат двајца ученици избрани со тајно гласање од претставниците на ученичкиот парламент, но само да присуствуваат без право да гласаат. |

**Клучни јаки и слаби страни од подрачјето:**

**РАКОВОДСТВО И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА**

| |
|---|
| **Клучни јаки страни:**<br>• Раководниот тим има способност за раководење и се базира на меѓусебно почитување<br>• Соработка со стручите соработници (педагог, психолог) наставниците и административно техничкиот кадар е на задоволително ниво<br>• Соработка со училишниот одбор е визија за понатамошно раководење и донесување на правилни одлуки<br>• Ученичката заедница на ниво на училиште добро соработува<br>• Соработка со наставниците и учениците е задоволителна<br>• Училиштето овозможува соработка меѓу наставниците и надворешните институции во работата со учениците |
| **Слабости:**<br>• Поголема транспарентност за работата на училишниот одбор<br>• Зголемување на соработката и интересот на родителите<br>• Потреба од поголема соработка со локалната средина |

## РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО РАКОВОДСТВО И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

Во нашето училиште раководи директор кој на ова работно место се наоѓа во својот прв мандат. Во процесот на раководење професионална помош има од стручниот соработник психолог и педагог . Во училиштето орган на управување е Училишниот одбор. Законот за основно образование и Статутот на училиштето јасно ги дефинираат надлежностите на раководење, управување и надлежностите на административно-техничкиот персонал. Соработката на раководниот тим со сите субјекти во училиштето е добра. Се одржуваат и состаноци на кои се изнесуваат потребите, проблемите, барањата и мислењата на сите вработени. Во текот на минатата учебна година поради пандемијата со COVID 19 дел од состанците се одржале ONLINE. Во училиштето се гради и потикнува здрава училишна клима. Во интерес на реализирање на поставените цели за развој на училиштето се определени задачите, активностите, одговорните лица и временската рамка за нивна реализација. Во планот за евалуација се определени критериумите, инструментите, динамиката и носителите на активности со кои се следи успешноста на реализирање на поставените цели. За таа цел училиштето има куќен ред во кој се содржани правата и обврските на учениците во поглед на дисциплината, редовноста, пристојно облекување, чување на инвентарот, правила на однесување и надвор од училиштето. За учениците кои не ги почитуваат правилата на куќниот ред, се применуваат педагошки мерки предвидени со Законот за основно образование. Во креирањето на училишната политика учествуваат: директорот, стручниот соработник, училишниот одбор, Советот на родители. Училиштето на учениците им дава морална и материјална подршка. Моралнта подршка се реализира преку разработен систем на соодветна работа во која се вклучени стручните соработници, наставниците, одделенскиот раководител, родителите а по потреба се вклучуваат и соодветни институции. Додека здравствената заштита се реализира преку организирани систематски прегледи, предавања од стручни лица. Наставниците водат сметка за различните способности на нашите ученици. Затоа се практикува индивидуална работа со учениците, особено со учениците со посебни образовни потреби. Материјалната подршка се реализира преку одговорни наставници и ученици од организацијата на подмладокот на Црвениот крст во училиштето, донации од родители ,организирање на разни манифестации. Планирањето се базира на годишните извештаи и искувства од претходните години бидејќи тие се добра основа на податоци за планирање во наредниот период. При планирањето, се опфаќаат и потребите на подрачните училишта преку консултации со наставниците кои работат во тие училишта и претставниците на советот на родители во однос на нивните потреби и идеи за развој на училиштето.

**Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Обука на наставниците преку семинари за подолгорочно развојно планирање
- Постојана соработка со родителите за нивна поголема вклученост во работата на училиштето
- Поголема и постојана соработка со локалната самоуправа и месното население
- Обезбедување современи нагледни средства и помагала за реализација на современа настава
- Обука на наставниците за менаџмент во работењето